

**Зоран Заев, лидер на СДСМ, за времето поминато во домашен карантин**

Самоизолацијата посилно ме поврза со семејството

страница 5



**И покрај заштитните мерки, голем ризик за највозрасната популација**

Старските домови како темпирани бомби!

страница 2



**Градоначалникот кој бараше карантин доби корона**

Ситуацијата максимално се комплицира - половина влада ќе оди во самоизолација?

страница 4


# СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.

ISSN 1857-8918

9 771857 891004


**Скерлев**

Капетанот Том и контролата на летање



**Ивановиќ**

Она кога корона-вирусот ти е коалициски партнер



Велес
46 µg/m3
PM 10
макс. дозволено 50 µg/m3
mojvozduh.eu
UV индекс = 3 низок ризик

**Времето денеска**

| | | |
|---|---|---|
| Скопје | 5 | 21 |
| Охрид | 4 | 15 |
| Битола | 2 | 19 |
| Маврово | 1 | 13 |

ПЕТОК-ПОНЕДЕЛНИК 17-20 АПРИЛ 2020 | Број 1937 | Година VIII | WWW. SLOBODENPECAT.MK

15 денари

# Празно за празникот!



Карикатура **Наташа Костовска**

# Хроника

Припадниците на Армијата ќе бидат дополнително ангажирани во Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Струмица, Куманово, Битола, Прилеп. Очекуваме ваквото поголемо присуство и учество да им помогне и на општините и на МВР да се справат со спроведување на сите мерки за заштита.

**Радмила Шекеринска, министер за одбрана**

**И покрај заштитните мерки, голем ризик за највозрасната популација.**

# Старските домови како темпирани бомби!

**Превентива** Посетите во домовите за стари лица се строго забранети, а вработените внимаваат на своето однесување за да не го внесат коронавирусот во установите, велат надлежните

**Случаи** Досега се регистрирани два случаи на заразени корисници со коронавирус, во Битола и во Куманово, а во моментов нема сомнителни случаи.



**Соња Христовска Угриновска**

Во старските домови низ Македонија досега се регистрирани два случаи на заразени корисници со коронавирус, во Битола и во Куманово, а во моментов нема сомнителни случаи. Преземени се сите мерки за заштита, а посетите на старите лица, како и нивното излегување од домовите, е строго забрането.

На 3 април во домот „Зафир Сајто“ во Куманово се вратила корисничка која претходно била на болничко лекување. Според директорот Дејан Стојановски, таа била оставена пред домот, а персоналот веднаш ја сместил во изолација и побарал тестирање на коронавирус. Жената била позитивна и веднаш била вратена во кумановската болница.

За случајот во домот „Сју Рајдер“ во Битола извести министерот за здравство Венко Филипче на 9 април, кој рече дека на 18 март таму бил примен нов штитеник, кој една недела подоцна бил префрлен на инфективното одделение во битолската болница поради зголемена температура, а во следните денови добил позитивен резултат на тестот. Потоа медиумите известија дека 86-годишниот пациент закрепнува и дека има втор негативен тест. Во домот биле негативни сите 20 брисови земени од корисниците што биле во иста соба и на истиот кат со болниот, а девет медицински сестри од 4 април се во изолација.

Во домот во Куманово нема нови сомнителни случаи, а корисниците не излегуваат.

- Кога почна кризата на почетокот на март, ние веднаш се реорганизиравме и ги намаливме посетите. Набавивме дополнителни количини на маски и ракавици, како и средства за дезинфекција. Постојано се прилагодувавме на новонастанатите ситуации, па подоцна ги забранивме сите посети во домот. Ги советуваме корисниците како да се однесуваат, како сами те да се заштитат. За набавките на корисниците, како лекови, пелени и сл., се грижат нивните роднини. Посетите се забранети, но контакт со корисниците имаат нашите вработени, кои можат да го внесат вирусот и затоа тие добија насоки особено да внимаваат на однесувањето, посебно додека патуваат кон работното место - вели Стојановски за „Слободен печат“.

**Околу 3 април пред домот во Куманово беше оставена корисничка која претходно била на болничко лекување, а персоналот веднаш ја сместил во изолација и побарал тестирање на коронавирус. Жената беше позитивна и веднаш беше вратена во кумановската болница, вели директорот Стојановски.**

Во кумановскиот дом „Зафир Сајто“ во моментов има 151 корисник, а на располагање се 175 легла.

Во домот „Киро Крстевски - Платник“ во Прилеп пред епидемијата со коронавирусот имало 137 корисници, а сега се 122. Според директорот Мики Крстев, бројот се намалил затоа што дел од корисниците поради вирусот заминале кај роднините да се чуваат во домашни услови, а дел починале.

- Откако изби епидемијата, нема посети во домот. Роднините можат телефонски да ги добијат информациите за корисниците или да комуницираат директно со нив. Не е дозволено ниту излегување на старите лица, а нашите вработени им купуваат сè што им е потребно. Дозволено им е да шетаат во дворот на домот. Досега не сме имале сомнителен случај. Имаме доволно опрема, заштитни материјали и средства за дезинфекција, а редовно добиваме и донации од одговорни поединци и фирми. Неодамна добивме донации 25 телевизори, машини за чистење со пареа, визири, маски итн. - вели Крстев.

## Најстроги мерки за заштита на старските домови

• Старските домови се местата каде што треба најмногу да се внимава да не се внесе коронавирусот, поради тоа што смртноста од ковид-19 е најголема кај старите лица, велат од Министерството за труд и социјална политика. Тие велат дека на сите јавни и приватни установи за заштита на стари лица им доставиле серија препораки за мерките што треба да се преземат.

- На домовите им е препорачано да воведат забрана за посети на корисниците, да го подигнат нивото на хигиената и да вршат континуирана дезинфекција на објектите, да определат соби за самоизолација во случај да се појават корисници со симптоми на коронавирусот, вработените задолжително да користат заштитна опрема - маски и ракавици и да одржуваат постојани контакти со Центрите за јавно здравје за добивање правовремени информации за начините на постапување - велат од Министерството за „Слободен печат“,

Во моментов во Македонија има 5 јавни установи за сместување и грижа на стари лица со капацитет за сместување од 624 легла (во Скопје, Куманово, Битола, Прилеп и Берово), како и 30 приватни установи со капацитет за сместување од 1.157 легла.

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ. WWW.SLOBODENPECAT.MK

Датум на печатење: 16.4.2020 | **Тираж: 8.550 примероци**
Првиот број на весникот „Слободен печат“ излезе на 19-20.10.2013

**Издавач**
Друштво за издавање и маркетинг
**Слободен печат Доо Скопје**
Кеј 13 Ноември, ГТЦ втор кат, локал 12
Д.Е.235, Скопје

**Управители**
**МИРОСЛАВ ЈОВАНОВИЌ**
**ДЕЈАН ВОЛФ**

**СЛОБОДЕН ПЕЧАТ**
Контакт-телефон: 389 2 55 11 763
mail: contact@pecat.mk
Маркетинг тел: 389 2 5511764
mail: marketing@pecat.mk
**даночен број:** MK4057013522738

**Главен и одговорен уредник**
**ЗЛАТЕ ЛОЗАНОВСКИ**

Заменик на гл. и одг. уредник
**ЖАРКО ЈОРДАНОСКИ**
Уредници
**МИЛОРАД СТОЈМАНОВСКИ, СРЃАН ИВАНОВИЌ, МИТКО БИЉАНОСКИ, КРИСТИНА АПОСТОЛОВА**
Лектор **ВИОЛЕТА КАРАЏОВСКА-СТОЈАНОВА**

Технички уредници
**ЗЛАТКО ЗЕЦ, ЕЛИСАВЕТА БЕЈКОВА, ВИОЛЕТА КОСТОВСКА, ИВАНА НИКОЛОВСКА**
**АРБНОРА МЕМЕТИ (ФОТО)**

Маркетинг:
**МАРГАРИТА ЈОВАНОВИЌ 078 337 388**
**АНЕТА ПАРМАЧКА 071 744 688**

Печати **ПЕЧАТ МК доо**
ул. Ристо Шишков бр.20 - Скопје
Дистрибуција:
**БОБАН ШОШКИЌ**
тел. 389 72 443 896
Дистрибутер:
**Колпортер доо**
ул. Лисец бр.1 Б - Скопје
тел: 389 78 255 985

**Правен застапник:** Адвокатско друштво Пепељугоски - Скопје

**Велигден во услови на коронавирус.**

# Црквата апелира да се почитуваат превентивните мерки за заштита

**Превентива** Црквата предвидува литургии, но со ограничен број верници, а останатите мора да стојат надвор од храмовите на дефинираната раздалеченост едни од други и заштитени со маски и ракавици.



Големиот христијански празник Велигден да се празнува дома - со ваква порака излегоа вчера црковните власти, во пресрет на празникот што го слави Христовото воскресение. Претходно на придржување на мерките против епидемијата повикаа и премиерот Оливер Спасовски и министерот за здравство Венко Филипче.

Црковните власти подготвија посебна програма за празнувањето на Велигден во услови на вонредната состојба, која предвидува секојдневни литургии, но со ограничен број верници, а останатите да стојат надвор од храмовите на дефинираната раздалеченост едни од други и заштитени со маски и ракавици.

Црковните лица велат дека се свесни за состојбата со пандемијата што го измачува целиот свет, како и нашата држава, па затоа оваа година празнувањето на спомен-денот на Христовата крсна откупителна жртва и Неговото воскресение ќе биде прилагодено во однос на реалноста со која се соочуваме.

Презвитер Бобан Митевски од црквата „Св. Николај Чудотворец“ во Аеродром вели дека не би можел да предвиди дали е можно да се собере многу народ во црквите и да се создаде турканица.

- Не би можел да предвидам. Но, луѓето како што имаат потреба да бидат во редовите пред маркетите и друго, тие се и духовно жедни и имаат потреба од Бога, од присуството во храмот. Да веруваме во дисциплинираноста и во имањето чувство кај нашиот народ за состојбата. Всушност, апелираме на тоа - вели тој.

**Поради избегнување масовно собирање, на богослужбите в недела и в понеделник ќе учествуваат само свештенослужителите.**

Поради избегнување масовно собирање, на богослужбите в недела и в понеделник ќе учествуваат само свештенослужителите. По богослужбите, храмовите ќе бидат отворени за посета, поклонение, индивидуална молитва, принос.

Притоа црковните лица апелираат да се почитуваат мерките за ред и пристапување, да не се прави групирање на повеќе луѓе, да се задржува потребното растојание и верниците да носат средства за заштита.



**Куманово** Градоначалникот кој бараше карантин доби корона

# Ситуацијата максимално се комплицира – половина влада ќе оди во самоизолација?

**Самоизолација** На кризниот штаб што се одржа завчера во Куманово, присутни беа премиерот Спасовски, вицепремиерот Османи и министрите Филипче и Адеми. Ова значи дека сите тие ќе треба да бидат во самоизолација поради контактот со градоначалникот.

**Мирослава Бурнс**

Градоначалникот на Куманово Максим Димитриевски е позитивен на коронавирус, а завчера во просториите на Општина Куманово со него одржаа состанок премиерот Оливер Спасовски, вицепремиерот Бујар Османи, министерот за здравство Венко Филипче, министерот за образование Арбер Адеми и претседателот на Комисијата за заразни болести, Жарко Караџовски. Најверојатно во вторник ќе се тестираат сите што биле присутни на овој состанок од владиниот врв.

Го прашавме вицепремирот Бујар Османи дали ова значи дека сите од Владата што вчера биле на состанокот на кризниот штаб ќе бидат во самоизолација 14 дена.

- За тоа ќе одлучи Министерството за здравство - кусо напиша вицепремиерот во СМС-порака.

Подоцна во фејсбук-статус, тој објави дека нема да оди на Советот за безбедност кај претседателот, туку ќе биде во самоизолација до вторник, кога ќе се тестира и покрај тоа што на вчерашниот состанок носел заштитна маска и ракавици. На Советот за безбедност не се појавија, и покрај закажаното присуство, ниту Спасовски ниту Филипче, а и владината седница вчера се одржа преку интернет-врска.

Минатата недела „Слободен печат“ го праша министерот за здравство Филипче што ќе се случи доколку некој од Владата се зарази со коронавирус, со оглед на многубројните искуства од светот, и тој одговори дека дури во таква ситуација државата ќе биде раководена соодветно и добро ќе функционира или преку завршување на обврските од самоизолација или преку активација на системот на заменици на директори на институции.

Градоначалникот на Куманово, Максим Димитриевски, на социјалната мрежа Фејсбук вчера објави дека меѓу новите 40 позитивни кумановци, од вчера е и неговото име.

„Сега ги добив најновите резултати за новите позитивни лица во Куманово, вкупно 40 мои драги сограѓани, помеѓу кои сум и јас“, стои во објавата на Димитриевски. „Ве молам, од душа и од срце ве молам, почитувајте ги мерките, избегнувајте ги блиските контакти, здравјето ни е најбитно, така ќе победиме сите“, напиша Димитриевски.



↑ **Граодначалникот Максим Димитриевски завчера беше домаќин на највисоки владини функционери** Фотографија/**Служба за односи со јавност при Владата**

Тој со недели бараше во Куманово да се прогласи карантин, слично на Дебар, со контролиран влез и излез од градот, но неговите апели не наидоа на владина поддршка. Димитриевски повеќепати на прес-конференции го актуализираше прашањето на воведување кризна состојба на територијата на Куманово, поточно затворање на влезот и излезот на градот и дезинфекција на сите возила и лица што влегуваат и излегуваат.

- Предлагаме 14-дневен контролиран карантин во Куманово и воведување кризна состојба на територијата на општината, затворање на влезовите и излезите во градот, олеснувања само за лица што вршат професионални задачи, кои со посебна дозвола би го напуштале и би се враќале во градот под посебни услови, рече Димитриевски на прес-конференцијата пред три дена.

Според последниот извештај на Институтот за јавно здравје, во Куманово има 262 заразени лица со коронавирус и 12 починати.

Од вкупно 40 потврдени случаи на ковид-19, дури десет се членови на кризниот општински штаб за заштита и спасување, каде што покрај градоначалникот учествуваат луѓе од МВР, АРМ, ЦУК, Дирекција за заштита и спасување, пожарникари.

**Експертите за новиот момент во случајот со мртвата велешанка.**

# Починатата не можела да го зарази полицаецот со коронавирус!

Од починатата жена не е можно вирусот да се пренел на полицаецот, затоа што таа ниту дише, ниту кашла, ниту кива, а не може да го контаминира трупот во внатрешноста на белите дробови. Најверојатно се заразил некаде на друго место смета професор д-р Пановски.

**Мирослава Бурнс**

Полицаец, член на тимот од крим-техника, кој влегол во станот на 79-годишната почината велешанка да направи увид, има позитивен резултат на тестот за коронавирус. Кадаверот на жената бил во фаза на подоцнежно распаѓање и безживотен подолго од една недела, а можеби и подолго, но сепак првиот и засега непотврден резултат од обдукцијата на велешанката, покажа дека во нејзиното дишно стебло била пронајдена РНК на коронавирусот.

Со финален извештај од Судска медицина, кој министерот за здравство Венко Филипче го најави за до крајот на неделава, ќе бидат познати деталите, меѓу кои и дали навистина вирусот бил во кадаверот. Можноста да се работи за лажно позитивен тест исто така не е исклучена, иако сензитивноста на тестовите е прилично висока, а најмалку три до пет отсто од тестираните резултати се лажно позитивни или негативни, секаде во светот.



↑ **Никола Пановски**

Како се заразил полицаецот што го правел увидот кај починатата велешанка, не е познато, но случајот е особено интересен за јавноста, поради тоа што шпекулативно беше изнесено дека времето на смртта кај жената настапило во јануари, од што произлегува дека Македонија е првата земја на светот, пред Кина и Италија, со коронавирус.

Експерти од медицинскиот факултет посочуваат дека е многу важно каде и кога е земен брисот од полицаецот што бил на увид кај велешанката, за да се донесе каков било заклучок околу тоа кој како се заразил.

Микробиологот професор Никола Пановски за „Слободен печат“ вели дека не би било можно полицаецот да го контаминира трупот во длабоките делови на дишните патишта, ако брисот бил земен при обдукција. Но, ако од судска медицина зеле брис од нос, на лице место, тогаш постои теоретска можност, објаснува професорот. Сите овие размислувања, дециден е Пановски, треба да се земаат со резерва, додека не бидат познати сите детали од случајот. Во оваа истрага се вклучени експерти од судска медицина, МАНУ и тим епидемиолози од Институтот за јавно здравје.

- Ако брисот е земен директно од долните дишни патишта на самата обдукција, тогаш не е можно тој да ја контаминирал. Од починатата жена не е можно вирусот да се пренел на полицаецот, затоа што таа ниту дише, ниту кашла, ниту кива, а не може да го контаминира трупот во внатрешноста на белите дробови. Најверојатно се заразил некаде на друго место. Но, доколку од судска медицина зеле брис од нос на лице место, тогаш теоретски може. Од трупот дефинитивно не можел да се зарази - вели професорот Пановски.

Тој рече дека жив вирус во телото не може да остане и да предизвика болест, но во кадаверот е можно да останала рибонуклеинска киселина односно дел од вирусот и тоа со денови и години.

**Пендаровски.**



## Донесена нова одлука за уште 30 дена вонредна состојба

•Советот за безбедност на вчерашниот состанок донесе нова одлука со која на предлог на Владата се прогласува вонредна состојба за уште 30 дена.

- Постојната вонредна состојба завршува денеска, а поради истекот на рокот од 30 дена за кој беше утврдена, и нема да биде формално правно продолжена, бидејќи за тоа нема уставно-правен основ. Затоа јас денеска врз основа на нов образложен предлог од Владата, а во ситуацијата кога Собранието не работи ќе донесам нова одлука за утврдување на постоење на вонредна ситуација за период од 30 дена на целата теритоерија на државата. Но, ова решение не ја намалува подговорноста на сите релевантни политички фактори во државата јасно и јавно да ги кажат своите ставови по ова прашање зсатоа што на средината на мај ќе ги имаме истите правни дилеми пред себе - изјава претседателот Стево Пендаровскки во обраќањето по седницата на Советот.

Тој ги пренесе и реакциите на многу граѓани до него во однос на мерката за ограничување на движењето со над 80 часа, практично целосна забрана за движење на целата територија што се предвидува за празникот.

- Ние во моментов спаѓаме во групата на земји со најригидни мерки во оваа смисла во Европа. Не само мене но и на огромниот број граѓани им е јасна логиката и оправданоста за донесување на оваа мерка, но најдрастичните мерки треба да се применуваат по исклучок и во некој разумен рок - рече Пендаровски, посочувајчи оти се повеќе од тоа ќе биде контрапродуктивна и може ќе ги реши проблемите во здравството но ќе предизвика проблеми во некои други области. Тој ја охрабри Владата по празникот да го дефинира планот за фазно постепено враќање на економската активност во нормала.

– Јасно е дека не само ние, туку целиот свет ќе мора да нмаучи да живее со вирусот подог временски период а во меѓувреме ќе мора да изнајдеме моделатите животот со сите неопходни рестрикции и превентивни мерки да родолжи да функционира, рече Пендаровски, додавајќи дека Совгетот за безбедност ќе продолжи да ја следи состојбата и ќе заседава кога за тоа ќе се јави потреба.

**Зоран Заев** лидер на СДСМ, за времето поминато во домашен карантин

# Самоизолацијата посилно ме поврза со семејството

**Придобивка** Задоволен сум што има една голема придобивка од ова седење дома, поминувам повеќе време со семејството и ја зајакнав семејната поврзаност. Динамиката со која ги следевме активностите обично не ни оставаше време едни за други, секогаш некаде брзавме.



**Весна Тодоровска**

Претседателот на СДСМ, Зоран Заев, велигденските празници ќе ги помине во самоизолација поради коронавирусот. Во интервју за „Слободен печат“, тој вели дека ова се тешки времиња, кои од секој од нас бараат максимална посветеност, почитување на препораките, трпеливост и солидарност. Времето го поминува работно, а најмногу му недостасуваат прошетките по убавото време и возењето мотор.

**● Г. Заев, веќе неколку денови сте во самоизолација поради контакт со новинар што е заболен од коронавирусот. Како го поминувате времето?**

- Како и речиси сите граѓани што добиле решенија за самоизолација, и јас деновите ги минувам во мојот дом, во Струмица, заедно со моето семејство. Останувам согласно со препораките дома, во изолација, до завршувањето на велигденските празници. Работам од дома колку што е можно, најчесто на онлајн состаноци со моите соработници, со раководството на СДСМ и гледам да привршам до 16 часот. Задоволен сум што има една голема придобивка од ова седење дома. Поминувам повеќе време со семејството и ја зајакнав семејната поврзаност. Динамиката со која ги следевме активностите обично не ни оставаше време едни за други, секогаш некаде брзавме. Сега пред Велигден и за време на овој голем празник, благодат е за мене и моето семејство што сме сите заедно. Нашите деца се тинејџери и верувам имаат доволно содржини да издржат во изолација, но и да го градат својот позитивен однос кон семејните вредности. Секако дека е поразлично од сето она што било моја рутина до пред некој ден, но препораките и мерките на надлежните институции, на здравствените работници, мора сите да ги почитуваме, затоа што се за наше добро, затоа што станува збор за нашето и за здравјето на тие околу нас.

Да се чуваме, да останете дома, да внимаваме на хигиената и да ги почитуваме препораките на здравствените институции. Заедно ќе успееме.

**● Што најмногу Ви недостасува во таков амбиент?**

- Тоа се сигурно прошетките и возењето мотор, особено сега кога времето е убаво и пријатно. Но, најважно е здравјето на граѓаните. Затоа мислам како да помогнам, како секој од нас да го даде својот придонес, а не на она што ми недостасува. Јас сум човек што многу комуницира, сум имал по цели денови средби со различни луѓе, со граѓани, една динамика на активности што сега не е можна. Тука се дигиталните платформи, телефоните, се наоѓа начин.

Како што реков, ова потребно дистанцирање, на секој од нас е важно затоа што на тој начин сите даваме придонес во спречувањето на ширењето на коронавирусот, а со тоа придонесуваме и епидемијата да трае што помалку.

**● Што правите за да го исполните времето?**

- Состаноците со раководството на СДСМ и со моите соработници ги извршувам онлајн. Разговараме за актуелните состојби, за мерките што се спроведуваат за заштита на здравјето на граѓаните, за економските мерки, како да ги санираме последиците подобро и поефикасно, да ги сочуваме работните места, да помогнеме. Читам многу, ги следам информациите и светските проценки за корона-кризата, особено во делот на економските последици. Попладне поминувам повеќе време со семејството. Навечер читам некоја книга или гледам некој добар филм.

**● Министерот Филипче најави дека од наредната недела ќе почне со подготовката за намалување на рестриктивните мерки. Како гледате на таквиот чекор?**

- Најпрво би сакал да им се заблагодарам на сите здравствени работници, на сите оние што се во првите редови во борбата со коронавирусот, за сѐ што преземаат, за целиот нивни ангажман, пожртвуваност. Сите ние сме им бескрајни благодарни, тие се нашите херои.

Како што и претходно беше најавено, овој период е многу важен, но и најкритичен во поглед на ширењето на вирусот. Многу работи не може да се предвидат, но го очекуваме пикот на зараза. Најважно е да го ублажиме, врвот на епидемијата да биде благ, да нема нагло зголемување. Со мерките што навремено ги презедовме како држава, досега добро се држиме и очекувам тоа значително да влијае врз ублажување на последиците. Верувам дека ќе успееме заедно. Во зависност од развојот на настаните, може да се почне со подготовка за намалување на рестриктивните мерки, но тоа секако ќе зависи од процените на стручните лица.

## Да го следиме примерот на граѓаните на Дебар



**• Граѓаните како да не се многу дисциплинирани, бројката на заболени од ден на ден расте. Што би им порачале?**

- Благодарен сум што граѓаните во голема мера ги почитуваат препораките и апелирам максимално да се придржуваме до нив. Само ако сите целосно ги почитуваме мерките, ако се грижиме за хигиената, ако физички се дистанцираме, ако ги следиме препораките, многу побрзо ќе ја пребродиме оваа ситуација. Не смееме да ја потценуваме оваа глобална закана, која се прошири низ целиот свет. Да го следиме примерот на граѓаните од Дебар, кои покажаа дека само со целосно почитување на задолженијата и мерките, ќе ја добиеме оваа битка. Има време и за дружби, за прошетки, за рекреација, сега е најважно да седиме дома и да се однесуваме одговорно. За живот се работи. Заедно сме и заедно ќе успееме.

# Економија

**Курсна листа** 16.4.2020

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| EUR | 1 | 61.350 | 61.850 | GBP | 1 | 69.200 | 72.200 |
| USD | 1 | 55.250 | 57.900 | CAD | 1 | 39.000 | 41.400 |
| CHF | 1 | 57.350 | 59.700 | AUD | 1 | 34.500 | 36.600 |

**Агенцијата за пошти предупредува**

## Има лажни е-продавници

**Веб-продавниците треба да се проверат дали навистина постојат**



Агенцијата за пошти предупредува дека има сознанија за лажни е-продавници и дека тие најчесто нудат текстил, обувки, електронски апарати, козметички и хигиенски производи како и детски играчки.

„Настаната ситуација придонесува со забрзан чекор да се поттикне електронската трговија и во нашата држава, па во таа насока и да се зголеми бројот на онлајн нарачките и тоа со достава до врата. Доколку се најдете во улога на купувач преку електронските помагачи (телефони, компјутери, таблети и сл.), пред да започнете со процесот на е-купување, Агенцијата за пошти ви препорачува задолжително да направите проверка на онлајн продавницата од која сакате да пазарите. Ова е неопходно да се направи бидејќи на електронскиот пазар постојат и лажни електронски продавници", соопшти Агенцијата преку нејзината официјална страница.

Оттаму велат дека веб-продавниците треба да се проверат дали навистина постојат како официјално регистрирани трговци во Централниот регистар или во Управата за јавни приходи. Но, за да се поедностави процесот, советува Агенцијата за пошти, доволно е да се побараат информации за компанијата која стои зад електронската продавница, односно адреса на компанијата и евентуална локација, контактни податоци - како телефонски број, активна имејл-адреса и слично.

Агенцијата за пошти објаснува и како поштарот ќе ја предаде пратката и како ќе земе пари за да нема измама.

„Оваа активност е доделена на лиценцираните поштенски оператори. Тие го преземаат производот од испраќачот (од е-продавницата) што е соодветно обликуван во пратка и издаваат адресница со единствен баркод т.е. број на пратката и на неа се впишуваат податоците за испраќачот и за примачот (име, презиме, адреса, телефонски број, количина, вид на пратка, датум на прием и датум на доставување на пратката итн.). Откако во однапред определено време пратката ќе биде доставена односно врачена на примачот, тој го потврдува својот идентитет и во адресницата своерачно потпишува за приемот на пратката. На овој начин доставата на пратката е уредно извршена и од тој момент пратката е во сопственост на примачот (купувачот)".

Ако се плаќа во готово, наплатата ја врши доставувачот на пратката.

„Откако примачот ќе се легитимира, доставувачот му ја врачува пратката и за неа од примачот добива готовина - паричен износ што е впишан во адресницата од страна на испраќачот", појаснуваат од Агенцијата за пошти.

**Сојузот на синдикати контра Министерството за труд**

## Газдите што незаконски ќе намалат плати, ќе бидат тужени

Сојузот на синдикатите на Македонија (ССМ) не се согласува со соопштението на Министерството за труд и социјална политика, кое се повикува на Законот за работни односи каде што пишува дека во вонредни услови, работодавачот може да му исплати на работникот 50 отсто од платата, а во услови на прекин на работата од деловни причини 70 отсто. Од ССМ велат дека во Општиот колективен договор за стопанството ова е поинаку решено.

„Кога со колективен договор се утврдени поповолни права за работниците, работодавачите од приватниот сектор не можат да ги применуваат понеповолните членови од Законот за работните односи", објаснуваат од ССМ.

Оттаму велат дека сите работодавачи што нема да ги применат одредбите од Општиот колективен договор, ќе бидат тужени кога ќе помине кризата, а ова право не застарува 3 години.

Во Општиот колективен договор оваа материја е вака уредена:

„Работодавачот кај кого настанале тешкотии во работењето, врз основа на изготвената програма со која се обезбедува надминување на настанатите проблеми во согласност со синдикатот може да утврди отстапување од пресметковната вредност за единица коефициент за најниска група на сложеност, со тоа што намалувањето на пресметковната вредност за единица коефициент за најниска група на сложеност не може да изнесува повеќе од 20 отсто и не може да трае подолго од 6 месеци."

Според Договорот, разликата помеѓу помалите и реалната плата треба да се исплати во рок од 6 месеци по надминувањето на тешкотиите.



## Лукаревска фати жежок костен

**Став.**

**Весна Дамчевска**

новинар



Директорката на Управата за јавни приходи, Сања Лукаревска, на прес-конференцијата во средата детално ги презентираше бројките околу полнењето на државната каса. Најпоразително прозвучи бројката дека има пад на ДДВ од 79 проценти.

„Податоците од 1 до 14 април се следни: Има пад на ДДВ од 79 проценти, со назнака за зголемен поврат од 51,7 проценти, пад на данокот на личен доход од 6 проценти и пад на добивката од 9,97 проценти, или вкупно споредено со истиот период од 1 до 14 април 2019 година ,има пад на приходите од 38,15 проценти", рече Лукаревска.

Фактот дека најголемиот даночен приход има таков драматичен пад, ги „запали" ушите на новинарите и тоа беше тажната вест на денот за состојбата во државната каса.

Но, набргу Лукаревска испрати демант, во кој вели дека новинарите извлекле несоодветен заклучок кога ставиле наслов: „Пад на наплата на ДДВ за 79 проценти", затоа што станува збор за нето-ДДВ. И тоа е точно, затоа што „зајакот лежи" во зборот „наплатата". УЈП наплатила повеќе ДДВ, но кога им го вратила делот на фирмите што им следува како поврат за веќе платен данок за репроматеријали, или услуги, останал значително помал износ на ДДВ, или како што вели Лукаревска, нето-данок.

Но, не случајно Лукаревска на прес-конференцијата го презентираше податокот за нето-ДДВ, а не за бруто-ДДВ, и така го фати жешкиот костен на вистината. Токму тој нето-ДДВ, преведено на обичен јазик, значи дека толку пари се на располагање во државната каса, како нов износ за периодот од првите две недели од овој месец. Затоа таа и го спореди овој нето-износ со нето-износот од лани. Да се види реално расположливиот приход.

**Презентираните бројки од Управата за јавни приходи и нејзината реакција за нивната новинарска интерпретација, создадоа хаос во сознанијата за тоа како стоиме со приходите во државната каса.**

Споредбите со бруто-ДДВ даваат помалку застрашувачка слика, која Лукаревска дополнително ја објасни во реакцијата до медиумите. Ако се спореди колку се собрал ДДВ во бруто-износ во првите две недели од април годинава во однос на истиот период лани, тогаш намалувањето на бруто-ДДВ е 29,19 проценти. Овој податок, пак, ја отсликува економската состојба во државата и покажува дека економската активност и потрошувачката не е толку утепана за да има пад на ДДВ за 79 проценти, иако и 29,19 проценти не се за потценување.

Причината на значително поголемиот пад на бруто-ДДВ од нето-ДДВ, пак, лежи во зборовите на Лукаревска дека имало зголемен поврат на ДДВ за 51,7 проценти во однос на лани. Очигледно државата поради здравствената криза, притисокот на стопанствениците и нивните реакции во јавност, станала многу поажурна од лани воповратот на ДДВ, што законски им следува на даночните обврзници.

Намалување на побарувачката, намалување на производството, масовна невработеност, финансиска криза и презадолженост на државите, сиромаштија, егоизам и профитерство. Црни статистики кои влеваат страв за сопствениот живот додека трае пандемијата. Починатите бргу се заборават. Почнува повторно приказната за брзиот развој и големите успеси. Сè така до следната криза.

**Ерол Ризаов**

# Плато

# Капетанот Том и контролата на летање

Жанета Скерлев
новинар



**mail** contact@pecat.mk



Капетанот Том Мур собра над 12 милиони фунти. „Се додека можам да одам и додека луѓето даваат пари за јавното здравство, ќе продолжам да одам“, рече Том кој со почесна стража го исполни ветеното и ги помина стоте должини од неговата градина. Стана национален херој. Плус, ќе добие и роденденска честитка од кралицата. Како секој стогодишник.

Капетанот Том Мур е воен ветеран од Втората светска војна, кој потоа служеше и во Индија и во Бурма. Тој неодамна имаше и операција на колкот, па лекарите му рекоа дека би било фино да вежба малку за да не заседне. Добро, си рече Том, ќе вежбам, ама во стилот на војник, реши да вежба со одење, надвор, во дворот на куќата, долг дваесет и пет метри. И со оглед на пандемијата од коронавирусот, упати предизвик - и себеси и на јавноста - ако го изоди дворот сто пати, да собере илјада фунти добротворен прилог што ќе оди за јавното здравство, односно за борба против коронавирусот и за опрема за лекарите и сестрите, кои толку добро се грижеа за него пред, за време и по операцијата на колкот. Том има 99 години, оди многу бавно, со помош на рамка за одење, со тркала. И треба стоте должини на дворот да ги помине до неговиот стоти роденден, на 30 април.

Почна во понеделникот. Попладнето веќе ја имаше сумата. Во 9:30 часот, во вторникот, имаше веќе еден милион! Фунти! Секои 20 секунди некој донираше. До следното утро, во средата, веќе имаше повеќе од пет милиони фунти за јавното здравство. Во еден момент, на неговата интернет-страница каде што се собираа донациите, имаше повеќе од 90.000 луѓе и од апликацијата „@justgiving“ (самодавање) мораа да водат сметка сајтот да не падне. Но, без оглед на тоа што ја собра, помина и надмина зададената сума, постави неверојатен рекорд и стана славна медиумска личност, капетанот Том уште го шета дворот. Вели дека е човек од збор. Уште не ги направил стоте должини. А до 30 април има уште време. Потоа ќе го прослави роденденот. И вели, ќе продолжи да шетуцка низ дворот. Му било добро на свеж воздух. Колкот му е подобар, плус добива на брзина.

## Пливање и летање

Кога сме веќе кај шеткање, неделава требаше да се вратам од Берлин. Оној со берлинците. Летот не беше откажан. Оној од Берлин за Лондон. Ама оној пет дена претходно, од Лондон за Берлин, беше. Интересно. „Изицет“ ни го откажаа летот од тука за таму, ама ако по некоја случајност да можевме да се телепортираме или да отпливаме (на остров сме, а и ферито не функционира), ќе можевме да се вратиме. Чудно, но вистинито. Видовме од германската контрола на летање дека „нашиот лет“ не е откажан и дека некои други минатата среда дошле од Берлин во Лондон. Утехата во ова откажување беше што - парите за летот и за хотелот во Берлин (кај Бранденбуршката капија) ни ги вратија. Со соодветно, мошне длабоко извинување дека нè испоразочарале и дека се надеваат оти ќе им останеме муштерии и за понатаму. Баш фино од нивна страна. Ќе ги имаме предвид.

И како што бев целата фрлена во зоната на патување и летање, планирајќи го патувањето низ Европа ова лето, ми рекоа дека некои наши, наводно, ваделе авиобилети за Скопје. Како тоа? Нели последниот хуманитарен лет организиран од македонската амбасада, МНР и британскиот Форин офис, како и со помош на нашите тука кои несебично им помагаа на „заглавените“, замина пред некоја недела со седумдесеттина со „Визер“, од Лутон за Софија, зашто скопскиот аеродром е затворен!? Решив да проверам. На ниту еден сајт на евтини авиобилети за Скопје, за следните месеци немаше ништо. Ниту на скапите. Ама на сајтот на „Визер“, „бизнис ез јужуал“ што ќе рече - работи како нормално, како да е сè во ред, како да нема пандемија, како да има аеродром отворен, како да може да се вадат авиобилети, каде да има турканици и редици цик-цак за чекирање... И пробав.

Сега сум среќен имател на авиобилет за Скопје и ако сè биде во ред, би требало да полетам од Лондон Лутон на 20 април, во 9 часот и 30 минути лондонско време и да стигнам во Скопје истиот ден, во 13 часот и 40 минути, со лет број W6 7702. Малку ме буни тоа што скопскиот аеродром не работи, ама тоа не го кажуваат на сајтот на „Визер“. Додуша, има и еден мал дел на самиот крај, кога сте ги ставиле сите податоци и вашата кредитна или дебитна картичка и треба да платите за билетот и треба да го кликнете последното копче за да го купите билетот, значи ептен на крајот, каде што со ситни, ситни, ситни букви пишува... „комплетирајќи го процесот на букирање потврдувате дека сте се консултирале со надлежните органи и ги прифаќате потенцијалите последици“.

## Македоносталгија

Јас сакам да одам во Скопје. Се консултирав со домашниот надлежен орган и тој првично не беше баш воодушевен, ама сепак се согласи. Е, сега, да бидам искрена, малку ме обесхрабри тоа што дознав дека наместо две недели, ќе треба да поминам три недели во „карантин“. Надлежните органи во татковината ми главна не ги консултирав, сакам да ги изненадам. Ама ајде, прво да видам прво дали, всушност, ќе можам да патувам? Дали надлежните органи на „Визер“ се консултирале со најнадлежните органи во Македонија или тоа требало јас да го направам? И како тоа само тие продаваат карти: знаат нешто што другите не знаат? И ако не се во право - дали, кога и како ќе ми се извинат? И дали ќе ми ги вратат парите? Прво, додуша, зошто воопшто ми ги земаа парите? Ме фатија на Македоносталгија? Е сега, рака на срце, не беа некои големи пари, го купив најевтиниот билет, и тоа во еден правец, ама пара си е пара, јас сум ја заработила, и тоа во карантински услови, ни помалку ни повеќе, така што си го ценам секое пени. А многу пени беа.

Но, има и полошо. И поскапо. По долго и упорно пребарување, „Експедија“ ми понуди билет за Скопје за 27 март за „само“ 1.470 долари, Да тргнам со Луфтханза од Хитроу во понеделник сабајле, па со преседнување во Франкфурт и Варшава (ако не ми преседне) да слетам во Скопје во вторник на 28 април, 23 часа подоцна. На аеродромот кој од контролата на летање (имам јас мои луѓе) ми вели еден, кој моментно е дома е - „зат-во-рен, колку пати сакаш да ти кажам, аман веќе“.

Последна вест. Капетанот Том Мур собра над 12 милиони фунти. „ Се додека можам да одам и додека луѓето даваат пари за јавното здравство, ќе продолжам да одам“, рече Том кој со почесна стража го исполни ветеното и ги помина стоте должини од неговата градина. Стана национален херој. Плус, ќе добие и роденденска честитка од кралицата. Како секој стогодишник.

**Сега сум среќен имател на авиобилет за Скопје и ако сè биде во ред, би требало да полетам од Лондон Лутон, на 20 април, во 9 часот и 30 минути лондонско време и да стигнам во Скопје истиот ден, во 13 часот и 40 минути, со лет број W6 7702. Малку ме буни тоа што скопскиот аеродром не работи, ама тоа не го кажуваат на сајтот на „Визер“.**

| ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ |

# Оливер и лажичето на МПЦ

Спасовски ја има таа чест и несреќа да е технички премиер во време на оваа пандемија. По сопствен приватен избор, е верник, на чело на уставно утврдената секуларна македонска држава. Што треба нему, а и на МПЦ, за Велигден, да им е поважно: бесмртноста на мирјаните или смртноста на граѓаните? Догмата или Законот? Можеби „одговорот“ на ова нефер прашање мудро го даде Папата Франциск, мешечки легнат во духовни молитви на подот од празната ватиканска базилика „Св. Петар“ во Рим, за време на неодамнешниот католички Велигден...

**Сашо Орданоски**
Цивил медија



**mail** contact@pecat.mk

Јавната полемика околу тоа дали треба или не треба да има собирање по црквите за Велигден, а и уште повеќе, зошто, ако Црквата и верниците инсистираат да се собираат, барем не би се користело за секој верник ново лажиче за причест, ги покажува сите предизвици пред кои се исправени општествените вредности и норми - нормите се пропишани начини на однесување врз основа на постојните вредности во заедницата - во „средбата“ помеѓу епидемијата и востановените неепидемиски однесувања.

Навистина, „хигиенската“ дилема „за лажичето“ изгледа без врска, особено за најголемиот број неверници (во таа категорија има поголем број деноминациии, од атеисти и агностици, преку хуманисти и скептици, до пантеисти и деисти... ама за тоа во друга прилика): Пих, голема работа од кое лажиче човек ќе се причестува!

Сепак - дури и од мојата позиција на некогашен атеист, сегашен агностик, на пат кон надежен деист... како што стареам, работите не се така едноставни.

Имено, во догмата на христијанската вера, велигденската причест има централна позиција во соединувањето на верниците со Христос: во црковната церемонија на призивањето на Светиот Дух, тој се спушта врз светите дарови лебот (симболички, телото на Исус) и виното (симболички, крвта Исусова), кои кога ќе се измешаат во осветените садови наречени путари и од нив верниците ќе се послужат со осветено лажиче, со тоа, симболички, ќе се соединат со Христос и со неговата победа над смртта, преку воскресението и самите ќе станат бесмртни и по сопствената, ништожна физичка смрт. Одеднаш, парадоксално, важноста на прашањето за почитувањето на верскиот „протокол“ за употреба на причесното лажиче станува еднакво суштинска како и важноста на прашањето за почитување на здравствениот протокол за употреба на заштитните средства и држењето дистанца за да се спречи ширењето на вирусот.

Сега, ставете се во позиција на мирјаните и клерот (ако веќе не сте во неа): по падот на Адам од Рајот, по што сите живи суштества станале смртни, евентуалното умирање од некаков коронавирус е само технички преод во спасот, во новиот вечен живот по воскреснувањето по смртта. Затоа, ако навистина верувате во овој верски концепт на бесмртност, прашањето за ширењето на некаква епидемија навистина делува тривијално.

Да се вратиме на протоколите, бидејќи нивното почитување е прашање од „животна“ важност: ако го нарушите верскиот протокол (неменливоста на лажичето за причест!), нема да станете бесмртен; ако го нарушите здравствениот протокол (дезинфекција и дистанца!), може да станете забрзано смртен.

Вака применета, ако не се сомневате во почетната (догматска) хипотеза, дури и логиката - која е научна дисциплина



**Срѓан Ивановиќ**
новинар



**mail: contact**@pecat.mk

## Она кога коронавирусот ти е коалициски партнер

Никој во Македонија не може со точност да потврди кога ќе се одржат наредните парламентарни избори. Во септември, декември, другиот септември? Не знам, но знам дека главната тема во предизборната кампања ќе биде епидемијата на коронавирусот. Односно победникот ќе биде решен во зависност од тоа како и на кој начин ќе се реши актуелната криза.

Политичарите ретко кога ја делат судбината на народот, но сега тоа е така. И тие се главно затворени по дома, не можат да се мешаат со симпатизерите и активистите од своите партии, често држат прес-конференции, но и самите знаат дека ама баш на никого не му е дојдено до нивното мислење. Дојде време да се слушаат стручни луѓе наместо политичари или, што би се рекло, некој повторно ја превртe кантата, па по површината повеќе не пливаат фекалии. Така ќе остане барем некој период.

Затоа целата дебата е спуштена на పониско ниво. Се дебатира на социјалните мрежи, каде што по секое обраќање на министерот Филипче, бликаат салви од воодушевување за „компетентноста и стручноста“ на едната страна, или клетви за „лошото воведување на вонредните мерки“ од друга страна. Двете страни ви се добро познати и не би требало посебно да се објаснува. Нивните мислења се секогаш дијаметрално спротивни, иако во суштина тие луѓе се неверојатно слични. Еден миг на инспирирање од локалниот партиски лидер, а можеби и вработување или средување на некоја ургенција, ги одвела на едната или на другата страна. Секој од својот ров нишани кон непријателскиот. Не смее да се каже погрешен збор во вербалната пресметка, со ботовска



> **Политичарите ретко кога ја делат судбината на народот, но сега тоа е така. И тие се главно затворени по дома, не можат да се мешаат со симпатизерите и активистите од своите партии, често држат прес-конференции, но и самите знаат дека ама баш на никого не му е дојдено до нивното мислење**

прецизност се споделуваат информациите што ќе ѝ помогнат на каузата, а ако треба и цел ден ќе се коментира по разни објави само за да се извади од небрано некој партиски функционер, кој повторно го помешал правилниот избор на зборови. Ѓаволски тешка е таа задача.

Не е лесно да си партиски бот, но потешко е кога си во позиција пред аудиториумот да глумиш независен и незаинтересиран за политика интелектуалец, кој ама баш секогаш ја поддржува едната страна, не е битно која, ама онака од позиција на самосвесен тип, даваш анализи кои собираат едно чудо лајкови од профилите, отворени на компјутерот во месната организација на партијата. Таквите никогаш нема да признаат дека се членови на некоја партија, иако пред две, четири или осум години се вработиле во минис-

ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

за изучување на принципите и критериумите на валидните заклучоци и докажувањето! - вели дека не може стравот од зараза да биде посилен од стравот да не станете бесмртен!

Ај сеа!

Ако не сте верник и имате друг вид на фантастични утехи за умирачката, како ви звучи овој безвремен верски, наспроти прозаичниот здравствен концепт? Пред да одмавнете со раката и да избрзате со некој лаконски одговор, можеби треба да размислите зошто оваа „теорија“ на „путирот и лажичето“ опстојува повеќе од 2.000 години... И е многу постара од теоријата за државата.

А Оливер Спасовски ја има таа чест и несреќа да е технички премиер во време на оваа опасна пандемија. Човекот, по сопствен приватен избор, е верник, на чело на уставно утврдената секуларна македонска држава. Што треба нему, а и на МПЦ, за Велигден, да им е поважно: бесмртноста на мирјаните или смртноста на граѓаните? Догмата или Законот?

Можеби „одговорот“ на ова нефер прашање мудро го даде Папата Франциск, мешечки легнат во духовни молитви на подот од празната ватиканска базилика „Св. Петар“ во Рим, за време на неодамнешниот католички Велигден...

Сите асоцијации за нашите околности, во тишината на принудниот празничен карантин, ви ги препуштам вам.

Со честитки, во овие вонредни времиња, за православниот Велигден за сите оние што го слават.

---

терство или јавно претпријатие, за работното место за кое во огласените услови било наведено дека кандидатот треба да има завршено географија, да е тимски играч и да е искусен копирант. Ама битно тој е независен.

Социјалните мрежи се преплавени со ботови и полуботови, во време кога нема што посебно друго да се прави, па на моменти посакувам да сум неписмен. Да не ја читам дебатата за тоа дали Филипче ќе треба да ѝ се јави на обожавателката, која во моментите кога тој го објавува бројот на заболени и починати, таа преку чат му предложува да се најдат на кафе?!

Епидемијата ќе заврши, ние ќе се вратиме на нашето секојдневие, но се плашам дека социјалните мрежи ќе останат заразени уште долго време. Ќе се вадат проценти на умрени, епитафи за промашени мерки, ќе се лицитира со разни теории и се разбира ќе се фалат министрите, градоначалниците и разните функционери, кои работејќи ја работата што се нафатиле да ја работат, не знам зошто кај дел од публиката тоа предизвикува овации. И тогаш ќе почне кампањата, каде што партиите ќе имаат само еден избор за сигурен коалициски партнер. Тоа секако ќе биде коронавирусот. Односно пустошот и очајот што вирусот ќе го остави зад себе.

---

**Џабир Дерала**
активист



**mail:** contact@pecat.mk

# Светот по пандемијата

**Каква економија, образование, култура, забава, секс... нè чека во блиската иднина? Ова е научно-фантастична, но и не толку фантастична верзија на светот по пандемијата.**

Економисти, политичари, научници, квазинаучници, воени стратези, криминалци, технолози, бизнис-планери, футуристи... Сите се втурнати во предвидување, планирање и пишување стратегии и сценарија за светот по пандемијата. Веќе сега е очигледно дека светот опасно се приближува кон авторитарните облици на владеење. Некаде со тврда диктатура, некаде со силно изразени тенденции на следење и контрола на комуникациите и надзор на движењето на луѓето.

Во светот по пандемијата роботите ќе заземаат сè позначајно место во животот на луѓето. Сè повеќе работни места ќе ги заземаат софистицирани роботи кои ќе вршат услуги буквално во сите области. Технолошкиот бум ќе создаде гиганти од оние што произведуваат софтвер и хардвер за дигитализираниот свет. Едноставно, светот целосно ќе се дигитализира и роботизира, оставајќи сè повеќе луѓе без работа, а со тоа и без основни средства за живот. Тоа ќе биде време и кога минорна болест ќе значи брза и болна смрт за голем број луѓе. Вештачката интелигенција веќе сега е напредната, но во светот по пандемијата, овој човечки изум ќе почне да креира нови изуми, особено во светот на фармацијата, но и во комуникациите, безбедноста, сите гранки на индустријата... Веќе не е далеку времето кога вештачката интелигенција ќе ги надмине способностите на својот креатор - човекот.

Сè поретко ќе одиме на лекар. Наместо тоа, нашиот лекар ќе може да нè прегледа онлајн, со помош на гаџети што ќе ги има во нашите домови. Или, уште „поедноставно“, робот ќе долета со дрон преку нашиот прозорец и ќе ни го скенира телото. И уредно ќе ни наплати, дигитално, се разбира.

Ако Робокап беше чиста фантазија во 1987 година кога се појави на филмското платно, сега веќе нема дилеми дека дел од полицајците што ќе го одржуваат редот и мирот во нашите градови, на патиштата и границите, ќе бидат роботи кои непогрешливо ќе ги следат командите од еден центар. Се разбира, освен тогаш кога во мрежата ќе се уфрли некоја криминална или терористичка структура.

Со време, и судиите ќе ги заменат роботи со вештачка интелигенција кои нема да се двоумат да им пресудат на криминалците така како што пишува во законот, а од судница, роботизираната затворска полиција, ќе ги транспортира осудените до дигиталните затвори, веднаш и без посредство на политиката, бизнисот и криминалот. Освен ако не бидат хакирани...

Образованието ќе се дигитализира, а зградите на училиштата постепено ќе ја изгубат својата смисла, до нивно целосно исчезнување. Интернет-просторот ќе биде една огромна, глобална училница во која ќе се стекнуваат знаењата, но и заблудите. Обликувањето, но и манипулацијата со умовите на децата и младите нема веќе да биде физичка и примитивна, туку електронска. Дали тоа ќе значи поголема слобода при изборот на знаења и вештини или ќе значи уште поголем хаос, ќе зависи од политиките на владите низ светот.

Во светот во кој социјалното дистанцирање ќе стане норма, верските лидери од сите континенти ќе добијат уште поголема моќ. Наспроти вртоглавиот напредок на технологијата, трговците со „небесни производи“ ќе најдат извонредно упориште во човечката надеж и лековерност и ќе понудат лажна божественост, топлина и човечност во светот со кој ќе управуваат студените дигитални платформи.

Забавата, уметноста и културата, како и образованието и сè друго, ќе се преселат во бескрајните онлајн-хали. Веќе сега ја живееме ерата на Нетфликс, а телевизорите сè повеќе се само монитори на кои се пренесуваат онлајн-платформите за информирање, едукација, забава, уметност, култура... Со време, ќе исчезне и потребата од монитори, па дури и од телефони. Голем дел од продуктите на дигиталната индустрија ќе се пресели во доменот на холограмите, а постепено и тие ќе бидат исфрлени од употреба. Не е далеку ни времето на чиповите кои ќе генерираат содржини и директно ќе комуницираат со човечкиот мозок, оставајќи ги сетилата и мускулите пасивни и закржлавени.

Добра вест и за гејмерите. Гејминг-индустријата веќе бележи невиден скок. Е-спортовите стануваат и олимписка дисциплина, а во светот по пандемијата, гејмерите ќе станат меѓу најважните и најпознатите спортисти во светот. И сексот ќе се дигитализира. За посиромашните, тоа ќе бидат онлајн-платформите на порнографската индустрија која ќе се користи во комбинација со евтини легални и нелегални дроги за засилување на сексуалното искуство. За побогатите, сексуалните задоволства ќе ги обезбедат интелигентни, роботизирани конкубини со раскошни биомеханички атрибути и висока вештачка интелигенција. Но, со време, дури и тоа ќе стане декадентно.

Кога технологијата ќе се поврзе со нервниот систем на човекот, ќе исчезне потребата и од патувања и од човечки допири. Сè ќе се случува во мозокот, врз основа на дигиталните импулси и пораки што ќе ги испраќаат моќните сервери зад кои ќе стои вештачка интелигенција. И борбите во електронските спортски арени ќе станат толку реални, како и дигиталните војни што ќе ги водат гејмерите. Доживувањето ќе биде максимално, до смрт.

Ако сево ова изгледа како обичен сци-фи сон, доволно е да се потсетиме на фактот дека голем дел од тинејџерите не знаат што е касетофон, видеорекордер, телефон со бројчаник, машина за чукање, факс... Сега, деца од двегодишна возраст писмено ракуваат со андроид оперативните системи на нашите телефони.



ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО РУБРИКАТА „ТРИБИНА“, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА ВЕСНИКОТ

**Ненад Јовановиќ**
активист



**mail:** contact@pecat.mk

# Двајца папи: кој всушност победи?

Овој филм е за „шизмата“, затоа што едниот папа е ужасно конзервативен, а папата Франциск е човек што е претставен за дел од таа некоја „либерална“ струја. Поради таквите противречности, доаѓаме до самата „шизма“, што значи доаѓаме до срцето на поделбата во Католичката црква.

**На крајот Рацингер победи, нели? Да не заборавиме, тој и натаму е „меритус“ папа, и со својата рака го одбра овој друг папа, Франциск, и можеби сите велиме романтично дека е револуција и промена во Католичката црква, а вистинската промена е дека промена нема и станува збор за „континуитет“.**

Филмот почнува така што нè води низ кулисите (одаите и дворовите) на Папскиот дворец што се наоѓа во малиот италијански град Кастело Гандолфо. Овој град е познат по тоа што претставува летна резиденција на папата. Првпат, по многу векови, Католичката црква има двајца папи, кои се борат за престолот: активниот папа Франциск (Џонатан Прајс) и папата „емиритус“ (оној што е излужен, оној што чесно си ја отслужил воената служба) Бенедикт XVI (Ентони Хопкинс). Во овој текст, ќе се обидам да ја опишам разликата на двајцата папи, идеолошка, теолошка и карактерна. Дополнително, филмот се навраќа - низ кратки сценски фрагменти - кога Берголјо одлучи сепак (после сè) да биде свештеник, и кога Аргентина беше воена хунта. Режисерот на овој филм се вика Фернандо Мејерс, а писателот на сценариото е Ентони Мекарти.

На почеток на филмот јас морам да кажам дека имам малку предрасуди спрема кој било „клер“ или „клир“, и во таа смисла, иако филмот оди релативно полека, гледачот ги запознава двајцата папи како фини старци, кои, помалку или повеќе, владеат со една милијарда луѓе на планетата, за на крајот да сфатиш дека филмот допира до многу болни прашања за Католичката црква. Всушност, овој филм е за „шизмата“, затоа што едниот папа е ужасно конзервативен, а папата Франциск е човек што е претставен за дел од таа некоја „либерална“ струја во Католичката црква. Поради таквите противречности, доаѓаме до самата „шизма“, што значи доаѓаме до срцето на поделбата во Католичката црква.

## Бенедикт поднесува оставка

Имено, кога Бенедикт поднесува оставка, што е чин што се прави по 600 или 700 години, не дека не се случил и порано, туку се случил само трипати во историјата на Католичката црква, и кога Франциск станува папа, а всушност идејата на филмот е дека сите го поддржуваат Франциск. Во таа смисла, внимателен гледач не може да не помисли дека филмот не е пропаганден, ама кога ќе ги видиш овие двајца папи, преку улогите на Џонатан Прајс и Ентони Хопкинс, ти сфаќаш дека и тие поделби многу полесно се прецвакуваат, така што тие нивни разговори, приказни, начин на кој се запознаваат, сè она што ние го гледаме во филмот, многу повеќе би сакал ова да е потполна фикција на двајца папи, отколку вака некој да ми сервира, затоа што, на крајот на краиштата, таа нивна „тајна средба“ никогаш и не се случила.

Филмот се отвора така што папата Франциск се јавува на телефон да резервира авионска карта, и тоа го прави ужасно несигурно, оди на Лампедуза да ги посети сиромашните, место кое е „главната капија“ на мигранти што од Африка влегуваат во Италија.

Потоа брзо се враќаме во Буенос Аирес, каде што папата Франциск проповеда во сиромашните краеви, држи „миса“ со еден обичен јазик за верата. Веднаш потоа разбира дека умрел Јован Павле II, а поради тоа повикан е во Рим. А во Рим се наоѓа „конклава“ која треба да одбере нов бискуп на Рим, односно нов папа. Тука папата Франциск ги гледа сите кандидати, тој лично не е ничиј кандидат, барем додека трае почетокот, нам ни се претставува за маргиналец, ама ако се истражи, ќе се види дека Рацингер (Бенедикт XVI) е негова десна рака, а тоа во нашиот превод би било „декан на конклава“. Тука мора да сфатиме дека станува збор за сериозна политика на лобирање.

Целата процедура за гласање на папа е кога ќе влезат во Сикстинската капела, официјалната палата на папата, нема пиење, нема јадење, сите се под клуч и остануваат таму додека не го изгласаат новиот папа. Во целата процедура важно е да се каже дека исклучуваат интернет, мобилните се исклучени само за да не може ништо да ги вознемири од наплив на информации. И по првиот круг на гласање, за кој секогаш се гласа церемонијално, гласаш за најдобриот пријател, Рацингер имаше 40 гласа, и ненадејно се појави Франциск (тогаш Берголјо) со 10 гласа, сите други имаа еден, два или ниту еден глас. И уште тогаш е јасно, не е папата Франциск никаков маргиналец и не е дојден „од никаде“. Веднаш потоа, откако завршува првото гласање, сите одат на богата вечера и на таа вечера се случува главното политичко лобирање.

Сега малку ќе скокнам: кога Бенедикт XVI сака да ја напушти папската позиција, Франциск му вели дека тоа не смее никако да го прави, затоа што тој до смрт е избран да ја чува таа позиција; од друга страна, Бенедикт, кој е конзервативен, тој на себе презема некаква одговорност за состојбата во црквата и можеби некои лични пропусти во водењето на црквата, ама сепак, Бенедикт, за кого не верував дека тоа може да се случи, се повикува на некаква демократичност; и тука исчитав еден апсурд: овој што е конзервативен, на демократски начин отстапува од власт, а овој кој е либерален (или барем ја држи таа „средишна“ линија) му вели „немој никогаш да се тргнеш од власт“.

## Сака да ја спаси црквата

Она што јас го разбирам во филмот е следно: папата има обврска да умре на должност, и тоа не е дел од некоја догма, туку е „обичајно право“. Друго, важно, на првото гласање се поставува прашање „зошто Рацингер се повлекува“? Потоа, многу јасно, се покажува дека Рацингер се повлекува затоа што сака да ја спаси црквата, бидејќи тогаш ги следат некои скандали со проневера на пари, разни други скандали, и тогаш црквата од премногу компромитираност може сосем да се сруши. И наеднаш го имате овој човек што има желба да игра фудбал и човек што реално сите го сакаат.

Како одминуваше филмот, папата Франциск и Бенедикт не се согласуваа само во неколку работи. Франциск има некој „ореол“ на „народен човек“, но сепак, потполно обратно, тоа е човек што сака да се забранат изложби, и страшно зборуваше за хомосексуалците во почетокот, а потоа рече „компромис“, за на крајот да рече „промена“. Промената на папата Франциск за мене во филмот е козметичка. Прашањата со кои се занимаваше се следни: разведените може да се причестат, и второто прашање: прашањето за сиромаштијата. Тие се двете работи кои, ете, може да влезат во некој црковен „либерален“ спектар на вредности во црквата. И ќе заборавев, да, допира и за прашања од климатските промени и миграциите.

На крајот, пред да го погледате, ми се допадна музиката во филмот. Во оној момент кога тие од Гандолфо се враќаат во Ватикан, и кога Франциск повеќе не сака да го слуша, затоа што Бенедикт бара да му ја прифати оставката, и кога стигнаа во Ватикан, се слуша „Бела чао“. Италијанските свештеници од типот на Франциск, исто така е важно да се знае, биле партизани. И фамилијата на Франциск била во борба против фашизмот, а овој Бенедикт е фашист. Тоа јас на таков начин го разбрав. На самиот крај играат танго, на самиот крај Германците победуваат во фудбал против Аргентина, и сепак, има тука некоја малечка порака дека можеби, сепак, на крајот, Рацингер победи, нели? Да не заборавиме, тој и натаму е „меритус“ папа, и со својата рака го одбра овој друг папа Франциск, и можеби сите велиме романтично дека е револуција и промена во Католичката црква, а ставрната промена е дека промена нема и станува збор за „континуитет“?



**Одлука** Кризниот штаб ги прифати барањата на здруженијата за животни

# Активистите по два часа дневно викендов ќе се грижат за кучињата

**По затворањето на угостителските објекти и по воведувањето на полицискиот час, на улиците останаа безброј гладни бездомни кучиња, за кои единствено се грижат активистите од здруженијата за заштита на животни, но и дел од граѓаните за кучињата што се маалски миленици.**

По пет активисти од секое регистрирано здружение за заштита на бездомни животни, ќе можат во претстојните празнични денови, кога на сила ќе биде полициски час, по два часа дневно да излегуваат од дома за да ги нахранат и да се грижат за бездомните животни. Ова е одлучено на седница на градскиот кризен штаб, а здруженијата вчера до пладне пополнуваа обрасци за да ги добијат овие дозволи.

Сите пристигнати обрасци, Град Скопје и општинските кризни штабови ги доставуваа до Министерството за информатичко општество и администрација, од каде дозволите ќе бидат доставени на имејл-адресата на секој барател посебно, а ќе бидат со важност за 18, 19 и 20 април.

- Постапката ќе се повторува за секој нареден викенд сè додека трае вонредната состојба, што значи дека секој нареден петок до 12 часот, здруженијата за заштита на правата на животните ќе треба да достават пополнет образец до Град Скопје или до општинските кризни штабови – информираат од Министерството.

Деновиве Здружението за заштита на животни „Анима мунди“ побара од надлежните итно да се овозможат дозволи за контролирано, временски ограничено и одговорно движење на нивните активисти. Тие објаснија дека една недела се обидувале да обезбедат дозволи за активистите што се грижат за бројни бездомни животни, кои зависат од човечка грижа и кои не можат да бидат оставени со денови без храна и вода, додека трае полициски час.



- Ние ги почитуваме мерките на Министерството за здравство и на Владата, ја разбираме сериозноста на ситуацијата во која се наоѓаме и во ниту еден случај не би ги нарушиле предвидените мерки и процедури, но веќе со недели укажуваме дека е неопходно да се согледа аспектот на нашето дејствување (со кој ја помагаме државата и општините) и бараме итно да ни биде дозволено движење во ограничен временски рок со цел грижа (храна, вода, основна ветеринарна помош) за многубројните бездомни животни за кои се грижиме. Ова мора да се реши побргу бидејќи доаѓаат велигденските празници кога се најавуваат повеќе денови полициски час – истакнаа од Здружението за заштита на животните.

**Деновиве Здружението за заштита на животни „Анима мунди“ побара од надлежните итно да се овозможат дозволи за контролирано, временски ограничено и одговорно движење на нивните активисти.**

По затворањето на угостителските објекти и по воведувањето на полицискиот час, на улиците останаа безброј гладни бездомни кучиња, за кои единствено се грижат активистите од здруженијата за заштита на животни, но и дел од граѓаните за кучињата што се маалски миленици. Тоа беше оневозможено минатиот викенд кога имаше 60-часовна забрана за движење.

На одлуката на кризниот штаб вчера реагираа и граѓани, кои не се членови на здруженијата, туку се грижат за кучињата од љубов кон нив. Тие прашаа дали се размислува и некои од нив да добијат дозволи за грижа на маалските миленици. Сега-засега таква одлука нема.

**Град Скопје**



## Привремен сообраќаен режим на Пластичарска улица

Поради изведување градежни работи за асфалтирање на булеварот „Никола Карев“, познат како Пластичарска улица, денеска комплетно ќе биде затворен за сообраќај дел од неговиот коловоз, на потегот од крстосницата со улицата „Македонско-косовска бригада“ до крстосницата со улицата „Самоилова“, во периодот од 8 часот до полноќ.

- Додека траат градежните работи, на оваа делница ќе биде поставена соодветна сообраќајна сигнализација. Апелираме до граѓаните да го почитуваат воведениот привремен сообраќаен режим на овој булевар и поставената патна сигнализација, а брзината на движење да ја приспособат на условите на патот.

**ЈСП „Скопје“**

## Денеска автобусите ќе возат по неделен распоред

• Денеска, петок, јавниот превоз ќе сообраќа во две смени, од 5 до 9 часот, па од 13 до 16 часот, по неделен возен ред, а дежурни ќе бидат две билетарници и еден центар за персонализација. Како што информираат од ЈСП „Скопје“, од 7.30 до 14 часот ќе работат билетарниците кај Зелен пазар и во Ѓорче Петров, а во истиот период отворен ќе биде и центарот за персонализација кај Транспортен центар.

Согласно со одлуката на Владата за забрана на движење на сите граѓани од денеска од 16 часот па до 5 часот во вторник, во тој период нема да функционира ниту јавниот превоз, а ќе бидат затворени и сите билетарници и центри за персонализација на ЈСП.

**Општина Илинден**



## Донирани 1.000 книги во општинската библиотека

Манифестацијата „Подарете книга за велигденско јајце - симбол на Христовото воскресение“, која во Општина Илинден се организираше 14-та година во континуитет, поради вонредната состојба на пандемијата со коронавирусот, годинава не се одржа како досега.

- Во духот на оваа оригинална и единствена од ваков вид манифестација којашто истовремено ги обединува културата, уметноста и традицијата, градоначалникот на Општина Илинден, Жика Стојановски, во соработка со книгоиздателската куќа „Матица Македонска“, на општинската библиотека „Илинден“ ѝ подарија 1.000 книги од познати реномирани домашни и светски писатели и лектирни изданија – информираат од Илинден.

На манифестацијата што традиционално се одржуваше секоја година на Величетврток, секој посетител што ќе даруваше книга за возврат добиваше црвено велигденско јајце. На овој начин досега се обезбедени 36.000 книги наменети за општинската библиотека „Илинден“, библиотеката во Домот на култура „Марино“ и училишните библиотеки во општинските основни училишта: „Гоце Делчев“ во Илинден, „Ристо Крле“ во Кадино и „Браќа Миладиновци“ во Миладиновци.

ХОРИЗОНТИ

„Не се каам што застанав рамо до рамо со моите колеги. Тука се работи за човечки животи и за иднината на човештвото. Во време на кризи ние мора да се бориме за нашите идеали, да имаме надеж и од корпорациите и работодавците да побараме основни услови за заштита што до овој момент не се обезбедени.



↑ Марен Коста

**Европа** Дијаметрално спротивни пристапи во војната со пандемијата




Германија дисциплинирано се соочи со ковид-19

← Фотографија **ЕПА / Саша Штајнбах**

# Германија отвора училишта и фризерски салони, Британија нема план за излез од изолацијата

**Дистанцирање** Според планот на Меркел, мерките за физичко дистанцирање нема да бидат обврзувачки по 3 мај, но големите настани, како концертите и фестивалите, ќе бидат забранети до крајот на летото.

Канцеларката Ангела Меркел објави дека Германија наскоро ќе ги отвори училиштата и повеќе продавници откако во земјата почна да стивнува пандемијата на коронавирусот, а Британија воопшто нема план како да излезе од изолацијата.

Конзервативните политичари што се борат за лидерската позиција во Христијанско-демократската унија на Меркел веќе почнаа меѓусебна расправа за прашањето кога и со кое темпо треба да се враќа животот на нормалниот тек. Поздравувајќи ги како „кревок успех“ новите податоци што укажуваат дека стапката на новозаразени жители забавува, Меркел најави дека од 4 мај повторно ќе бидат отворени училиштата низ Германија, прво за учениците од завршните години од основното и средното образование. На 4 мај ќе почнат да работат и фризерските салони, ако ги преземат неопходните мерки за да гарантираат хигиена на муштериите. Од понеделник, пак, ќе бидат отворени книжарниците, продавниците за автомобили и велосипеди и продавниците со површина до 800 квадратни метри. Мерките за физичко дистанцирање нема да бидат обврзувачки по 3 мај, но големите настани, како концертите и фестивалите, ќе бидат забранети до крајот на летото.

**Напнатата ситуација во Германија не е предизвикана само од пандемијата, туку и од борбата за политички наследник на Меркел**

### Системот функционираше

Канцеларката „љубезно им препорача“ на граѓаните да носат заштитни маски во јавниот превоз и при купување, но се воздржа да им го наметне овој совет како обврзувачка мерка.

- Постигнавме нешто што не беше сигурно. Нашиот здравствен систем функционираше - изјави Меркел.

Олеснувањата што ги најави канцеларката може и да не бидат спроведени според нејзиниот план, бидејќи затворањето и отворањето на училишта и градинки е во надлежност на сојузните држави. Стратегијата за излез од изолацијата мора да биде потврдена со консензус од раководствата на сите 16 сојузни држави. Непосредно пред да се обрати до јавноста, Меркел одржала видеоконференција со регионалните премиери, на која според германски медиуми имало жесток судир на ставови. Напнатата ситуација не е предизвикана само од пандемијата, туку и од борбата за политички наследник на Меркел.

### Падот на Лашет

Пред кризата да ја потресе политичката сцена, главен фаворит да го преземе кормилото на ЦДУ беше Армин Лашет, премиерот на Северна Рајна-Вестфалија. Но, на дебатите за релаксирање на строгите мерки за заштита на здравјето на граѓаните, Лашет особено жестоко се судрил со канцеларката, на која и беше најлојален во периодот на кризата со милион пристигнати мигранти во 2015 година.

Локални медиуми во вторникот објавија дека Северна Рајна-Вестфалија планира да ги отвори училиштата веќе следната недела, наспроти цврстиот став на канцеларката дека тоа би било прерано. Премиерот на Северна Рајна-Вестфалија, исто така, трпи критики дека притискал истражувачи да изнајдат научни податоци што би го поткрепиле неговиот план за што поскоро отворање на училиштата. Тоа му успеа со истражувањето на пандемијата во Хајнсберг, општина на границата со Холандија што ја опишуваат како „германски Вухан“, но експерти предупредуваат дека заклучоците не може едноставно да се применат на целата земја.

### Подемот на Седер

Додека брзањето да ги отстрани мерките придонесува за политички пад на Лашет, во подем е конзервативниот баварски премиер Маркус Седер, од Христијанско-социјалната унија, попозната како „сестринска“ партија на ЦДУ. Седер прв наметна строги мерки за изолација, кои потоа ги следеа другите сојузни држави. Како член на ЦСУ, Седер не е во игра за лидер на најголемата партија во Германија, но популарноста му е зголемена на национално ниво и го става во невообичаена улога за политички лидер од југот да има многу симпатизери на северот. Нова анкета покажува дека 53-годишниот баварски лидер има повисока популарност дури и од канцеларката Ангела Меркел.

По видео-состанокот со канцеларката и другите премиер, Седер ја потсети јавноста на своите одлуки, кои придонесоа Германија да се спротивстави на пандемијата подобро од многу други земји во Европа и во светот.

- Да не заборавиме дека можеше да биде и полошо, ако дејствувавме доцна или погрешно – потсети Седер.

### Британците надвор од стројот

Како дијаметрално спротивна крајност се смета реакцијата на Обединетото Кралство, чие политичко раководство и во новата криза дејствува инертно, како и при долгиот и хаотичен процес на раздружувањето од Европската Унија. Раководството овој пат има и објективен хендикеп, бидејќи премиерот Борис Џонсон боледуваше од ковид-19

и остана надвор од стројот.

Неколку владини извори изјавиле за весникот „Гардијан“ дека министрите и нивните советници немаат план како да се укинуваат строгите мерки што го парализираа кралството, иако главниот здравствен функционер објави дека Британија „веројатно го достигнала врвот на епидемијата“ и дека „бројот на починати лица ќе продолжи да се зголемува уште само неколку денови“.

Првите сигнали на „зарамнување“ на експоненцијалниот пораст на бројот на потврдени случаи ги фати државните функционери неспремни во период кога експоненцијално ќе се зголемува притисокот врз нив да понудат барем идеи, ако не конкретни решенија, како да се излезе од социјалната и економска парализа. Лидерот на опозициските лабуристи, Кеир Стармер, веќе побара „објавување на стратегија за излез“.

### Колку министри толку теории

По состанокот на советот „Кобра“, во кој се највисоките функционери во Лондон и лидерите на Шкотска, Велс и на Северна Ирска, се очекува шефот на дипломатијата Доминик Раб денеска да објави планови за продолжување на мерките за изолација за уште три недели. Без премиерот Џонсон во работниот кабинет во „Даунинг 10“, министрите развиваат посебни теории. Некои од нив е да се отвораат бизнис секторите според приоритет, да им се дозволи на помладите Британци повеќе слобода на движење, да се отворат училиштата и помасовно да се спроведуваат тестови за антитела, со цел да им се остави поголема слобода на лицата што стекнале имунитет на коронавирусот. Координирањето на овие стратегии ги „пресече“ министерката за здравство Надин Дорис, која завчера изјави дека „може да има само еден излез од целосната изолација, а тоа е вакцината“.

- Дотогаш мора да бараме разни начини за да го приспособиме општеството и да правиме баланс помеѓу здравјето на граѓаните и здравјето на економијата - изјави Дорис.

Како важен чекор за постигнување цврста стратегија се смета скорото враќање на Џонсон на своите премиерски обврски, можеби веќе во следната недела.

**Британското раководство и во новата криза дејствува инертно, како и при долгиот и хаотичен брегзит, но овој пат има и објективен хендикеп, бидејќи премиерот Борис Џонсон боледуваше од ковид-19 и остана надвор од стројот**

**Работнички права во време на епидемија.**

# „Амазон“ рекордно профитира, а за вработените нема ни сапун

**Од компанијата потврдија дека во вторникот од работа биле отпуштени Емили Канингхам и Марен Коста поради кршење на деловната политика. Вработените преку социјалните мрежи открија дека на нивните работни места лоцирани во градот Сиетл, нема никаква заштита од заразата**



↑ **Коронавирусот ги крена акциите на „Амазон“,** Фотографија **ЕПА / Мајкл Рејнолдс**

Една од најголемите компании во светот „Амазон“, трпи големи критики последните денови во американската јавност, откако тројца вработени беа отпуштени од работа, бидејќи јавно изразија сомнеж за слабите мерки на заштита на нивните работни места за време на пандемијата на коронавирусот. Од компанијата потврдија дека во вторникот од работа биле отпуштени Емили Канингхам и Марен Коста поради кршење на деловната политика. Вработените преку социјалните мрежи открија дека на нивните работни места лоцирани во градот Сиетл, нема никаква заштита од заразата. Ден подоцна од подружницата во Минесота без работа во „Амазон“ остана и Башир Мухамед, кој исто така јавно ја критикуваше состојбата во фирмата.

- Ги поддржуваме нашите вработени да ги критикуваат условите за работа, но тоа не значи дека тие имаат имунитет кога ги кршат нашите правила - пишува во соопштението издадено од Амазон.

Неколку американски сенатори, синдикални лидери, но и дел од вработените во „Амазон“, уште пред неколку денови изразија сомнеж во условите за заштита, кои компанијата ги преземала со цел да се спречи ширењето на вирусот. Со таа цел беа одржани и протести пред подружниците во државите Њујорк, Илиноис и Мичиген. Но, тоа не донесе до никакви промени во корпорациската политика, а набргу потоа започнаа и отказите.

- Не се каам што застанав рамо до рамо со моите колеги. Тука се работи за човечки животи и за иднината на човештвото. Во време на кризи ние мора да се бориме за нашите идеали, да имаме надеж и од корпорациите и работодавците да побараме основни услови за заштита што до овој момент не се обезнедени – изјави Коста, неколку часови откако ѝ беше врачен отказот од „Амазон“.

Коста и Канингам уште во текот на минатата година добиле серија предупредувања од менаџментот на корпорацијата, откако јавно ја критикуваа компаниската политика да не одвојува доволно средства и енергија во справувањето со последиците од глобалното затоплување.

### Проблем е и глобалното затоплување

Во текот на април во 2019 година, повеќе од 8.700 вработени се потпишаа на петицијата, со која од менаџерите на својата компанија побараа креирање на еколошка политика, со која ќе се придонесе во глобалната борба со климатските промени. Не помогна ниту тоа што во септември повеќе од 3.000 вработени одржаа протест, со цел да го сменат мислењето на менаџерите. Од „Амазон“ и натаму немаат никаква волја да сторат нешто повеќе околу зачувувањето на животната средина, иако со нивното работење значително придонесуваат до загадувањето на воздухот и почвата.

### Грубо кршење на работничките права

Замислено беше да се организира виртуелна конференција на вработените на „Амазон“ од сите страни на САД, кои би дебатирале на оваа тема и јавно би ги искажале своите ставови околу отказите врачени на тројцата вработени, а предвидено беше во дискусијата да вклучат и претставници на неколку надворешни синдикални организации, кои би помогнале во медијацијата со менаџерите. Но, од компанијата основана и управувана од Џеф Безос, најбогатиот човек од светот, го забранија одржувањето на настанот, закануваќи се со врачување уште поголем број отказни решенија.

- Зошто од корпорацијата се толку уплашени од идејата вработените да разговараат меѓу себе? Ниту една компанија не би требало да ги казнува вработените, кои се загрижени за општото здравје во време на пандемија – додава Коста.

Нејзината колешка Емили Канингхам смета дека нејзините работнички права биле најгрубо прекршени.

- Ние сме во сред климатска и здравствена криза. Време е кога треба најмногу да се грижиме едни за други. Сега треба да им помогнеме на работниците кои се во првите редови на борбата со заразата, сега сме им најпотребни – порача Канингхам.

Во случајот на Башир Мухамед, кој исто така јавно се пожали на нивото на здравствена и хигиенска заштита на неговото работно, од „Амазон“ издадоа соопштение дека му е доделен отказ поради тоа што не ги почитувал препораките за социјално дистанцирање.

## „Амазон“ заработи од вонредните мерки

• Со избивањето на епидемијата на коронавирусот во САД, како и во повеќето земји во светот беа донесени вонредни мерки, со кои најголемиот дел од бизнисите во земјата беа привремено затворени.

Но, „Амазон“ продолжи да работи, а бидејќи е најголемиот добавувач на добра во САД, во услови кога супермаркетите, продавниците и ресторантите се затворени, потребата за услугите на оваа компанија стана огромна. Затоа и не треба да изненади последниот извештај од американските берзи, во кој се вели дека вредноста на акциите на „Амазон“ од прогласувањето на вонредните мерки пораснале за 5,3 отсто.

- Како да е секој ден „црн петок“ за „Амазон“ – е еден од коментарите на економските аналитичари.

Сепак, иако во моментов во „Амазон“ пристигнува екстра профит, речиси ништо не е направено за да се сочува здравјето на врботени, кои споделија јавно дека во тоалетите на подржужниците воопшто не може да се пронајде сапун или било какво друго средство за дезинфекција.



# Свет

**Пандемија** Претседателот брза да ја нормализира состојбата

# Трамп најавува „чудесна преродба“, но обновата ќе трае долго

**Рестартирање** Трамп планира економијата да тргне „со полна пареа“ веќе од мај, на што реагираа низа гувернери на сојузни држави, претежно демократи, укажувајќи дека ќе се раководат од препораките од експертите, а не од претседателот




**Градоначалникот на Лос Анџелес, Ерик Гарсети, не ја отфрли можноста сите спортски настани во градот да бидат забранети дури до идната година**

Американскиот претседател Доналд Трамп прексиноќа оцени дека поминал врвот на пандемијата на коронавирусот во САД, поради што препорачува ублажување на строгите мерки за изолација заради „чудесна обнова“ на економијата, но аналитичари предупредуваат дека патот до „нормалната економија“ ќе биде долг и тежок.

Ројтерс потсетува дека по терористичките напади врз САД на 11 септември 2001 година авионскиот сообраќај беше забранет само три дена, но на индустријата ѝ беа потребни дури три години за да се обнови поради заострените мерки за построго скенирање на патниците и товарот. Кога, пак, во 2006 година падна градежниот сектор поради финансиската криза и рецесијата, мораше да поминат уште пет години за да се создаде доволно здрав баланс помеѓу градежниците и купувачите за да заздрави секторот. Ударот од пандемијата врз економијата на САД е значително потежок во споредба со овие две кризи, па не може ни да се претпостави колку долго време во претседателски мандати ќе ѝ бидат потребни на Америка за да заздрави.

Само во изминатите три недели отказ им е поделен на 16 милиони Американци, а потрошувачката во март се намали за 8,7 отсто. Федералната влада вети повеќе од 2.000 милијарди долари итна помош за зголемување на потрошувачката – пакет што може да се споредува само со оние за стабилизација на земјата во времето на Втората светска војна.

- Оваа криза е различна и тешко е да се разбере. Имаме здравствен и економски аспект, кои не може да се одвојат еден од друг. Предизвикот ќе трае барем три години – предупреди Кларк Ајвори, директор на градежна компанија од Јута.

Трамп планира економијата да тргне „со полна пареа“ веќе од мај, на што реагираа низа гувернери на сојузни држави, претежно демократи, укажувајќи дека ќе се раководат од препораките од експертите, а не од претседателот.

Новите препораки од претседателот опфаќаат насоки до сојузните држави да ги укинат наредбите за изолација на граѓаните во своите домови и за физичко дистанцирање на граѓаните. Таквата препорака може да биде прифатлива за државите низ кои коронавирусот веќе протатни, но не и за тие во кои заразата не го достигнала својот врв. Градоначалничката на главниот град, Мјуриел Боусер завчера ги продолжи итните мерки до 15 мај, а градоначалникот на Лос Анџелес, Ерик Гарсети, не ја отфрли можноста сите спортски настани во градот да бидат забранети дури до идната година. Гувернерот на Њујорк, Ендру Куомо, нареди сите граѓани да носат заштитни маски во јавноста за да се спречи ширењето на коронавирусот.

Бројот на заразени и на починати лица во САД, во меѓувреме, продолжува да се зголемува од ден на ден. Во средата починале 2.371 лице, со што вкупниот број на жртви се искачи на 30.800. Повеќе од 50.000 пациенти веќе ја совладале болеста, но низ земјата има уште речиси 560.000 случаи што се сметаат за „активни“. Пандемијата стивнува во Њујорк, кој го претрпе најсилниот удар, па гувернерот Куомо најави дека оваа сојузна држава веќе има капацитет да ги третира пациентите, па дури и да им дава респиратори на други држави.

## Италија ќе третира пациенти со антитела од оздравените

• Со Италијанските лекари планираат да почнат со користење крвна плазма од оние што оздравеле од ковид-19 за да им се помогнат на најтешките пациенти во болниците.

Во текот на речиси еден месец Италија имаше повеќе смртни случаи од коронавирус од која било друга земја во светот.

- Од ова може да произлезе нешто добро - вели докторот Фаусто Балданти, кој истакнува дека масовната епидемија создала и „голем потенцијал на донатори“.

Луѓето што оздравеле или оние што развиле само благи симптоми имаат посилен имунитет, па се смета дека антитела од нивната крв може да им помогне на други лица да го зајакнат имунитетот и да ја совладаат болеста.

## Елизабет Ворен го поддржа Бајден

• Сенаторката од Масачусетс, Елизабет Ворен, го поддржа Џозеф Бајден за демократски кандидат за претседател на САД.

- Џо Бајден знае дека влада што се води со интегритет, компетентност и срце, ќе ги спаси животите и егзистенцијата на луѓето - порача Ворен, предупредувајќи дека „не може да се дозволи Доналд Трамп да продолжи да го загрозува животот и егзистенцијата на секој Американец“.

## Грција: Огромно мнозинство верници Велигден ќе го прослават дома

• Повеќе од 90 проценти од Грците истакнале дека празникот Велигден ќе го прослават дома и дека ќе се воздржат од вообичаените следења на литургиите во црквите поради вонредните мерки против пандемијата од коронавирусот. Дури 91,6 отсто од граѓаните опфатени со анкета за телевизијата „Алфа“ изјавиле дека за Велигден ќе останат дома и дека ќе го следат преносот од свечената литургија.

Четири петтини од испитаниците ги прифаќаат рестриктивните мерки како „неопходни“, а 76 отсто позитивно ги оценуваат владините мерки за поддршка на бизнисите и вработените.





Уредува
**Тони Димков**

# КУЛТУРЕН ПЕЧАТ.

**БРОЈ 27** | **петок-понеделник 17-20. 4. 2020** | Неделен прилог


## „Човекот во жолтото заштитно одело“ на Небојша Гелевски - Бане

Минатонеделниот шеесетчасовен карантин мошне ефектно и максимално креативно го искористи македонскиот графички дизајнер Небојша Гелевски - Бане, кој во текот на трите дена го создаде уметничкиот проект „Човекот во жолтото заштитно одело“ - Арт(и)золацијата за време на пандемијата ковид-19.

- Вирусот стана сеприсутен. И физички и метафорички. А нашата тотална исповрзаност и преплетеност - меѓу луѓето, предметите и природата - го илустрира најдлабокото влијание на пандемијата врз нашите општества, напиша Гелевски на својот фејсбук-профил, и додаде:

- Главниот лик е „научник“ во заштитна облека, и е персонификација на напорите на обичниот човек да се справи со предизвиците, да го разбере и да се прилагоди на живеењето во времето на корона. Осаменоста, немата комуникација, понекогаш мрачната атмосфера, се контрастираат меѓусебно на фотографиите, кои прикажуваат и среќни моменти, како што е допирот со природата или комуникацијата со пријател, но без вообичаениот човечки допир.








## Интервју / Емануел Рембер / Сегашноста е миг на изолација



## Марсовска песна

На планета каде сите носат маски
И кај што секој од секого се плаши
(Празнејќи конзерви дур скапуваат праски)
И каде нѐ делат на „наши“ и „ваши“

Кај што в коски си садиме семиња страв
(И кај што човек од човек фаќа штрафта)
И кај што в кафез е и последниот лав
И сите по дома си ја чистат правта

На планета на која грев е да кивнеш
А дур горат шуми секој глуми невин
(И од лоши вести не можеш да здивнеш)

На планета бетонирана без треви
(Кај што глупоста заразно зема замав)
На таква планета вонземјанин станав

**Владимир Мартиновски**
(автор на песната)

## Анимиран филм за глобалниот карантин

Македонско-австралиското „3-Блок студио“ направи краток анимиран филм за глобалниот карантин. Во време кога огромен број од светската популација поради коронавирусот радикално го промени секојдневниот живот, а секоја индивидуа на свој начин се соочува со изолацијата, петчлена екипа од студиото го искористила слободниот простор за експериментирање и оттаму се родила идејата за анимираниот филм „Карантин“.

Приказната во филмот е на Јакоб Ниланд, Михаил Наумов, Љубомир Саздовски и Иван Андреевски, кој, исто така, е режисер и потписник на сценариото. Арт-продукцијата и дизајнот се на Наумов и Саздовски, кој е одговорен и за моделирањето и осветлувањето.

Монтажата и анимацијата се на Наумов, а Андреевски стои зад саунд дизајнот. Музиката е на Владимир Петковиќ.

Студиото работи за австралискиот и балканскиот пазар и е најактивно во полето на 3Д и 2Д анимацијата, изработка на визуелни ефекти, како и осмислување и создавање анимирани ликови - карактер анимација.



**Разговор со Владимир Мартиновски.**

# Кризите природно нè тераат да се преиспитаме за многу работи

**Сонети** Професорот, писател и поет Владимир Мартиновски неодамна почна да објавува сонети на тема поврзана со ситуацијата со коронавирусот на својот фејсбук-профил, а тука открива повеќе можни причини за неговата инспирација



Независно дали е во функција на промотор или, пак, како пријател и читател на делото на авторот, професорот, писател и поет Владимир Мартиновски е еден од најактивните посетители на културните, особено книжевни, настани. Периодот на социјална изолација и полициски часови поради ситуацијата со коронавирусот принудно го „заклучи“ дома, но тоа не го спречи да биде активен во полето на книжевниот израз. Неодамна почна да објавува сонети инспирирани од животот во изолација на својот фејсбук-профил.

- Сонетот е поетски облик што ме привлекува одамна. Бара голема кондензација на изразот, а и постојано треба да се балансира меѓу звукот и значењето. Затоа Никола Боало вели дека добриот сонет вреди колку цел еп. Пред десетина години објавив еден мал циклус сонети во книгата „Квартети“, а еден од нив е преведен на дваесетина јазици. Неодамна му се вратив на сонетниот облик и со голем мерак напишав неколку сонети за деца. Од пред неколку денови, сосема ненадејно напишав една мала серија сонети поврзани со кризнава состојба во која е целиот свет. Ни сам не знам зошто сонетот ми се виде како соодветна форма за поетско соочување со актуелниве состојби. Можеби, бидејќи кризите природно нè тераат да се преиспитаме за многу работи. Можеби, затоа што кога сонетот се калел како поетски облик и тогаш во светот имало страшна, разорна пандемија. Можеби, сонетите што ги пишувам деновиве и ги споделувам преку интернет, некогаш ќе се најдат меѓу кориците на некоја идна книга, открива Мартиновски.

Покрај поетската инспирација, „принудниот одмор“ од културни настани Мартиновски интензивно го користи, пред сè, за читање, но и за паралелна работа на неколку ракописи. Некои ги редактира и привршува, а некои ги скицира. Обично се вели дека тешките времиња даваат многу инспирација за уметниците, а актуелното „седење дома“ тој го чувствува како дел од креативниот процес.

- Откога постои човекот, се создава уметност, а времињата биле доволно тешки за да има нови дела во сите уметности. Независно од надворешните околности, осамувањето е еден дел од творечкиот процес. Уметниците често се во доброволен карантин и во најдобри времиња. На прв поглед, седењето дома е најлесната работа на светот. Но, кога се седи дома принудно, поради реална закана, која секојдневно одзема илјадници животи на глобално ниво, тогаш, како што сите гледаме, воопшто не е лесно. Не ни е лесно ако сочувствуваме со луѓето што ги губат своите блиски, со луѓето што губат работа или стравуваат од неизвесноста. Како и порано така и сега, кризата од многу луѓе ќе го извлече најдоброто, а од уметниците нови дела, смета Мартиновски.

**Поетска антологија.**

## Поезија од Наташа Сарџоска е објавена во САД

Поетски песни од Наташа Сарџоска се застапени во светската антологија „Поети за човештвото: светот се лечи со мир“ кај издавачката куќа „Инер чајлд прес“ (Inner Child Press) објавена овој месец во Чикаго, во Соединетите Американски Држави. Во антологијата се застапени повеќе од сто поети од целиот свет.

Станува збор за четврта меѓународна објава на Сарџоска, по објавата на поетската книга „Крстна коска“ во Косово и во Италија, како и дел необјавени песни на шпански јазик во ревијата „Игитур“ во Мексико. Нејзини песни напишани на италијански јазик беа објавени и наградени во Италија кај „Гвида Едитори“ на конкурсот „Песна за Неапол“ во јануари годинава. Поетските настапи на Сарџоска на саемите за книга во Торино и во Милано, како и промотивните настани за нејзината книга во Рим и во Болоња, се презакажани за октомври.



↑ Фотографија **Ирена Мила**

**Книжевен превод.**

## Книга од Влада Урошевиќ излегува од печат во Италија

Изборот песни и кратки раскази со наслов „Зад оној агол ве очекува изненадувањето“ (Dietro quell'angolo vi attende la sorpresa) од академик Влада Урошевиќ, во издание на „Беса едитриче“ ќе биде објавен во Италија. Книгата е реализирана во превод/препев на Роска Стојменова Вебер, Мариангела Бјанкофјоре Амети и Живко Грозданоски.

- На оваа книга се работеше околу година и пол, а мене ми е посебно драга, од една страна, затоа што препејував дваесетина римувани песни, што ми претставува ретка радост, а од друга, затоа што по предлог на професорот во книгата се наоѓа и мој краток предговор со наслов „Долго враќање дома“. Сепак, оваа книга веројатно најмногу ми е драга затоа што - чудно чувство - сите оние што се вклучени во нејзината подготовка и објава се едноставно - добро, и во сето ова невреме успешно можат да се посветат и на создавање вакви убави нешта - открива преведувачот Грозданоски.



Интервју

**Емануел Рембер**
**дипломат, писател и хроничар**

**Нова книга.**

# Сегашноста е миг на изолација

**Печат** Во издание на Издавачкиот центар „Три“ излезе од печат книгата „Скршнувања“ на францускиот дипломат, писател и хроничар Емануел Рембер, кој речиси три години е на дипломатска служба во нашата држава

**Тони Димков**

Францускиот дипломат, писател и хроничар Емануел Рембер со години работи во служба на својата држава во повеќе земји низ светот.

Последниве три години е директор на Францускиот институт и советник за култура во Амбасадата на Франција во Скопје. Автор е на делата „Баренцовата шапка“, „Немирни денови во Либија“ и „Во Лотарингија“.

Збирката хроники „Скршнувања“ е негова четврта објавена книга. Одмерен и отмен во секое негово појавување на јавните настани, Рембер со многу чувство ги бележи појавите и личностите во периодот на неговата дипломатска работа во нашата држава.

**● Дојдовте во Скопје, по Брисел, Триполи, Братислава, Осло... Како Ви изминаа годините поминати во Скопје?**

- Речиси три години поминаа откако сум во Скопје и пошироко во Северна Македонија. Земјите не можат да се споредуваат, секоја функција е ново „скршнување“, патешествие што ме отргнува од изворниот пат, кој, пак, за мене е Нормандија. Толку многу го сакам тој регион во Франција, Нормандија, каде што сум и роден.

Но, да се вратиме на Северна Македонија, пред сè, многу ја сакам работата што ја правиме тука, со одличниот тим на Францускиот институт, во сите области на културата. Во месецот на Франкофонијата, односно во текот на март, требаше да имаме програма посветена на книгата и на француската шансона. Сè мораше да се одложи поради пандемијата. Што се однесува до моето слободно време тука во Северна Македонија, моите овдешни пријатели доаѓаат од најразлични хоризонти: многу франкофони се разбира, но исто така и вљубеници во природата, планинари, тенисери, фармери и месари, како тој во Крушево.

**● На почетокот од книгата го користите цитатот: „Три настани се важни за човекот: раѓање, живот и смрт. Не се сеќава како се родил, страда што ќе умре и заборава да живее“ од Жан де ла Бријер (1645-1696). Зошто?**

- Пред сè, Жан де ла Бријер е дел од тие автори на кои им имам посветено мал книжевен семинар во Францускиот институт, кој, пак, беше насловен како „Почетоци во литературата“. Во „Карактерите“ на Ла Бријер, формата е толку кратка и фрагментарна што таа на крај се одрекува од своето потполно доврување. Тој се откажува од нешто што можеше да биде голема книга, нешто огромно, дури и колосално. Таа негова грижа е да не се заврши, односно да се направат само почетоци... „Почетоци во литературата“. Жанрот што најмногу го претпочиташе Ла Бријер е токму портретот, нешто како хрониките што се објавуваат во едно списание, тоа се една низа на портрети.

Токму посочениот цитат ви овозможува да ја дофатите специфичноста и оригиналноста на начинот на кој пишува Ла Бријер, односно неговиот избор на фрагментот. Тој наметнува постегнато пишување и поедноставување на секоја тема со цел да се задржи само суштинското, цртата, деталот што ќе ја означи целината. Тој цитат ни кажува сè, го резимира животот со стил.

**● Со наслов „Македонски хроники“ во првото поглавје на книгата правите автопортрет, но многу повеќе низ куси хроники ја портретирате земјата во која сте на дипломатска мисија. Очигледно е дека бележникот секогаш Ви е при рака, но што најдиректно Ви дава инспирација за пишување?**

- Да, токму така, во најголем дел пишуваме само за себе. Во текстот „Автопортрет, во писмо до ќерка ми“ напишав: „Па, еве сум! Добро ми е. Непроменет во изгледот. Ниту полн, ниту слаб, просед и проќелав. Главно изгледам како патник, со среден раст и со става на дипломат во Скопје, по Брисел, Триполи, Братислава, Осло – патник што останува вчудовиден од сè околу себе, како во тинејџерско доба. Патник во воздух. Наликувам повеќе на птица отколку на крт.“

Што се однесува до бележникот, тој му е неопходен на секој што сака да пишува секој ден. На пример, „пишувам, завршувам, се врзувам. Нишката е невидлива. Се заплеткувам во ткаенината на зборовите и се обидувам да го отплеткам замрсеното клопче. Тоа е сè (...) Ако не пишувам, се досадувам... но во суштина, пишувањето е егзил со, од време на време, поштенската картичка од некоја земја“.



**Ако коронавирусот ја поштеди целината на нашиот организам, што им го посакувам на сите, тој ќе ја покаже цврстината на нашиот внатрешен свет**

**● Во вториот дел од книгата се поместени портрети на славни светски и француски личности. Колку сите тие се дел од Вашиот личен духовен развој?**

- Прашањето е интересно. Станува збор за портрети на други. Овој пат, не е веќе „Мене треба да ме гледате во еден пејзаж“, туку треба да ги запознаете авторите што сум ги читал. Треба да ме видите во мојата библиотека за да ме запознаете: Монтењ, Бодлер, Флобер, Бекет, Черчил, Генсбур, Франсоаз Саган, Мондријан итн.

**● Третиот дел го носи насловот на книгата – „Скршнувања“ и содржи хроники што го носат духот на нашето време. Какво е Вашето чувство на сегашноста?**

- Сегашноста е миг на изолација. Се работи само за едно скршнување (подвлекувам)!... Не престанав да го кртосувам светот и да живеам во различни земји. Денес, изолирани дома, ние сме зафатени од една чудна војна. Оваа единствена ситуација, незамислива до пред шест месеци, треба да ни помогне да размислиме за затвореноста дома, за читањето и нашиот однос кон светот.

Изолација... Ова патување во одново пронајденото време (Пруст), благодарение на моќта на книжевноста, на времето посветено на подготовка на убави јадења, ќе овозможи можеби будење на чувствителноста, на контемплацијата, на внатрешниот живот. Ако коронавирусот ја поштеди целината на нашиот организам, што им го посакувам на сите, тој ќе ја покаже цврстината на нашиот внатрешен свет.

**Збирка хроники.**

## „Скршнувања“ со питом и ерудитен стил




● Книгата „Скршнувања“ содржи збирка хроники објавени во списанијата „Космо“, „Економија и бизнис“ и „Портрет“, а на книжевен план е огледало на патешествијата на Рембер во нашата земја и на средбите со многу интересни луѓе и предели. Со својот препознатлив питом и ерудитен стил, одмерениот и отмен дипломат раскажува за многу свои посети на градови, планини и езера, за средби со обични луѓе и уметници, им пишува писма на своите деца, ги споделува со нас своите размисли за кулинарството, за уживањето во медитацијата, за екологијата.

**Музиката може да го спаси светот.**

# Филхармонијата донираше средства за Универзитетската клиника за инфективни болести

Националната установа Филхармонија се откажа од Договорот со Министерство за култура за меѓународно претставување на институцијата во 2020 година. Станува збор за износ од 2.300.000 денари, кои беа наменети за меѓународно претставување на институцијата и презентација на македонската култура во светот. Воедно, установата донираше и 130 илјади денари од сопствениот буџет на Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје.



↑ Фотографија **Маја Аргакијева**

- Се откажуваме од овие средства, кои во моментов може да се пренаменат за многу поважни работи, со оглед на состојбата со која се соочува нашата земја. Во овие моменти најважно е да се почитуваат препораките и сите да седат дома. Токму затоа го иницираме виртуелното дружење со нашиот оркестар, со врвните солисти и диригенти што настапија на нашата сцена. Сакаме во овие тешки моменти да им го збогатиме секојдневието на нашите сограѓани со врвна музичка изведба - вели Виктор Илиески, директор на Филхармонија.

Филхармонијата во овој период емитува концерти на својот Јутјуб-канал и на социјалните мрежи.

- Музиката има терапевтска моќ, тоа го докажале безброј истражувања досега. Ако не можеме да помогнеме директно, како што тоа го прават неуморно здравствените работници, на кои сме им неизмерно благодарни, можеме барем индиректно преку моќта на музиката да им помогнеме на луѓето полесно да се соочат со предизвиците. Можеби звучи утопистички и романтично, но ние сакаме да веруваме дека музиката може да го спаси светот - додава Илиески.

**Донаторска акција.**

# Националната опера и балет изработува заштитни маски

Националната опера и балет се приклучи во практичната помош за заштита од ширење на коронавирусот со шиење заштитни маски изработени во шивалните од одделот за костимирање.

Националната установа донираше 162 заштитни маски од свое производство за вработените на Министерството за култура, а акцијата ќе продолжи и понатаму. Деновиве нивните соработници во шивалните ќе изготват уште илјада заштитни маски, кои во соработка со Кризниот штаб на Владата, ќе ги донираат за оние на кои им се најпотребни, известија од Национална опера и балет.

На овој начин, установата и практично придонесува во борбата против светската пандемија на коронавирусот, покрај редовното споделување на својот оперско-балетски репертоар на каналот Јутјуб.





**Документарен филм.**

# „Господата од современа“ во селекцијата на „Хот докс“

Документарниот филм „Господата од современа“ во режија на Ана Алексовска, во продукција на „Лист“, е селектиран на овогодишното издание на „The Changing Face of Europe“, иницијатива на ЕФП (European Film Promotion) во соработка со канадскиот Интернационален фестивал на документарни филмови „Хот докс“ (Hot Docs).

- Документарецот „Господата од современа“ е дел од програмата составена од десет извонредни европски документарни филмови, кои нудат единствен и неконвенционален увид во реалноста на современиот европски живот. Филмовите ќе бидат претставени пред дистрибутерите преку учеството во „Док шоп“, „виртуелен“ маркет на „Хот докс“, кој нуди пристап до курирани листи на наслови на документарни филмови. Авторите на 10-те избрани филмови се поканети да учествуваат и во новата програма за дигитална индустрија, а ќе добијат можност и да остварат средба со дистрибутери и селектори на филмски фестивали преку виртуелни индивидуални состаноци во организација на ЕФП, известија од Агенцијата за филм.




**Нова книга.**

# „Двоумење“ од Ива Дамјановски

Издавачката куќа „ПНВ Публикации“, во рамките на едицијата „Гравири“, ја објави стихозбирката „Двоумење“ од Ива Дамјановски (Скопје, 1996). Дипломираната пијанистка на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје е авторка и на стихозбирката „Тие“ (2017, Блесок), добитник е на наградата „Игор Исаковски“ за најдобар дебитантски ракопис и на второто и дополнето издание на истоимената збирка издадена во 2019 година од „ПНВ Публикации“.

- Ива пишува со хируршка прецизност, а текстот го третира со воjничка дисциплина. Секој звук и секоја тишина во нејзината поезија се пресметани, а зборовите како камчиња за мозаик се одбрани. Секое нивно значење и секоја повеќезначност се намерни. Сѐ е подредено во



служба на идејата и пораката - потенцира писателката и издавач, Јулијана Величковска.

Поетот Ѓоко Здравески за песните на Дамјановски напиша дека поради музичкото образование „не е чудно што поезијата ѝ е еуфонична и што е полна со рими и со игри на зборови. Пишува едноставно, со обичен, секојдневен јазик, но пишува строго и луцидно созерцнува во стварноста што ја живее. Таа созерцателна моќ е најважниот талент од изобилството таленти што Ива ги поседува“.

Постојат два вида среќа. Телесна среќа и духовна среќа.
Помеѓу овие две среќи, поголема е духовната среќа.

Буда



**Збогатете го празнувањето со вашите омилени рецепти.**

# Велигденската трпеза е место каде што можете да ја покажете својата креативност



Најголемиот христијански празник Велигден е на прагот, а сигурно размислувате што да зготвите за да ги задоволите вкусовите на сите членови од вашето потесно семејство, но и да ја збогатите празничната атмосфера.

Со оглед на тоа што овој Велигден, сите ние, поради состојбата со коронавирусот, празникот ќе го прославиме дома, со неколкудневен полициски час за време на кој движењето надвор ќе биде целосно забрането, најверојатно потребата од подготовка на поголеми количества храна ќе биде дополнителен предизвик за секоја домаќинка. Затоа, доколку сакате да имате доволно празнично подготвена храна за сите денови, тогаш некои од овие рецепти ќе ви ја олеснат работата.

Имено, за велигденската трпеза задолжително секое семејство подготвува јагнешко месо, велигденска погача во чијашто средина се ставаат трите велигденски јајца вапсани на Величетврток, потоа најразлични кифли, салати, скара и неодминлива велигденска торта. Во последно време, домаќинките за Велигден подготвуваат и медени колачиња во форма на зајчиња, пиленца, а оние поискусните и чоколадни јајца, кои претставуваат радост и задоволство за дечињата.

Токму затоа, за да имате време за подготовка на целата храна што сакате да се најде на вашата велигденска трпеза, одлучете се да подготвувате брзи и едноставни рецепти. Токму таков рецепт за подготовка на кифлите е рецептот за т.н. „памук кифли“ со кои ќе успеете да ги задоволите вкусовите и на оние најпребирливите...



## Милиброд

Обидете се да подготвите милиброд, кој важи за „задолжителна“ храна што мора да се најде на трпезата за Велигден. За да го подготвите овој традиционален колач, ќе ви требаат следните состојки:

- 250 грама шеќер
- 1 ванилин шеќер
- 200 грама суво грозје
- 100 грама сечкани суви сливи
- 200 грама измешано, сечкани бадеми, лешници и ореви
- 1 портокал
- 250 милилитри масло за јадење
- 300 милилитри млеко
- 5 јајца
- 2 коцки квасец
- 1, 5 килограми брашно

Подготовката на овој колач бара внимание и знаење, бидејќи тестото што ќе го добиете при месењето, не треба да биде ниту многу меко ниту многу тврдо за од него да може да се подготви плетенка.

Во сад ставете ги брашното, маслото за јадење, јајцата како и квасецот што претходно сте го растопиле во млакото млеко. Измешајте ги состојките со рака, а потоа додајте ги и шеќерот, рендана кора од портокал и ванилиниот шеќер. Месете го тестото додека сите состојки убаво не се соединат, а потоа оставете го да стаса околу 30 минути.

Потоа тестото убаво размесете го, а во него додајте ги и исечканите сливи, сувото грозје кое претходно сте го оставиле да отксисне во млака вода како и исечканите јаткасти плодови. Повторно измесете го тестото и со нож пресечете го на три еднакви дела. Од секој дел, формирајте долгнавесто тесто и од нив сплетете плетенка и ставете ја во претходно подмачкана тава. Оставете да стаса уште дваесетина минути, премачкајте со жолчка и печете во претходно загреана рерна на 200 степени околу 40 минути.

## Салата со пилешко

На велигденската трпеза задолжително мора да поставите и некоја крем-салата. За овогодишната трпеза, изненадете ги своите најблиски со подготовка на уникатна и вкусна салата, која ќе ги задоволи вкусовите на сите во вашето семејство. За да ја подготвите оваа салата, потребни ќе ви бидат следните состојки:

- 300 грама пилешки стек
- 100 грама морков
- 100 грама грашок
- 100 грама пченка
- 150 грама кашкавал
- 300 грама ситни макарони
- 1 лажица сенф
- 400 милилитри кисела павлака
- сол по ваш вкус

Најпрво сварете ги макароните и кратко обарете ситно исечкани моркови, грашок како и пченка. Кога доволно ќе омекнат, исцедете ги од водата и оставете ги да се изладат. Потоа, во подлабок сад измешајте ги сите состојки што се потребни за подготовка на оваа салата. Вкусот што ќе го добиете е уникатен, а она по што се карактеризира оваа салата е тоа што сите состојки што се ставаат во неа, треба да бидат исклучително ситно исечкани.



## Чоколадна велигденска торта

И секако, велигденската трпеза не би можела да се замисли без познатата чоколадна велигденска торта, за која ви е потребно:

ЗА ПАНДИШПАН:
- 4 јајца
- 200 грама шеќер
- 1 ванилин шеќер
- 150 милилитри масло за јадење
- 100 грама брашно
- 50 грама какао
- 1 прашок за печиво

ЗА ФИЛ:
- 500 милилитри слатка павлака
- 400 грама чоколадо за готвење
- 200 грама млечна чоколада



Сите суви состојки измешајте ги во посебен сад и тргнете ги настрана. Во друг подлабок сад убаво изматете ги јајцата заедно со шеќерот. Матете додека не добиете цврста пена, а потоа додајте го маслото за јадење, ванилиниот шеќер и претходно измешаните суви состојки, и се убаво измешајте со помош на дрвена лажица. Добиеното тесто ставете го да се пече во претходно загреана рерна на 150 степени околу половина час. Во тенџере на оган ставете ја павлаката да се загрее заедно со искршената чоколада и загревајте го кремот додека чоколадата се стопи. Добиениот чоколаден крем истурете го врз изладениот бисквит. На крај декорирајте по ваша желба. Можете одозгора да ставите чоколадни зајчиња, чоколадни јајца или да направите гнездо во чија средина ќе додадете чоколадни пиленца.

# Направете си уникатна велигденска кошничка

• Декорирањето на велигденската трпеза е вистински предизвик за секоја домаќинка. Освен што треба да изберете соодветен чаршаф, да свиткате интересни салфетки со празнични мотиви, да го сервирате јадењето, да го наместите прибор от и да поставите свежо цвеќе, потребно е и јајцата, кои се одлика на празникот, да ги ставите во соодветни кошнички.

Доколку не сакате секоја година, вашите декоративни јајца да ги ставате во исти кошнички како секој Велигден досега, обидете се самите да си направите уникатни кошнички, во кои ќе ставите по едно или по неколку јајца и кои ќе им ги подарите на сите присутни на традиционалниот велигденски ручек.



За да си направите кошничка од пластична чаша, треба да имате чаши за еднократна употреба со боја по ваш избор и со ножици да ги исечете на ленти, притоа избегнувајќи да сечете на дното од чашата. Потоа, вакви те ленти само испреплетете ги една со друга, прицврстете некоја декорација и кошничката е готова.

Исто така, можете да направите кошничка и од картонот во кој ги купивте јајцата. Исечете ја посакуваната големина од него, обојте ја во зелена боја, а потоа околу целата површина залепете одредена декорација. Ставете и рачка на кошницата исто така од картон, декорирајте и наполнете ја со јајца.



Вака подготвените кошнички ќе предизвикаат радост и задоволство кај присутните, а вие ќе си ја задоволите потребата да имате уникатна трпеза за овој најголем христијански празник.

# Здравје

Не се важни годините во твојот живот, туку животот во твоите години.

Абрахам Линколн

# Алергии и коронавирус: Како секое кивање создава страв

Во исто време, смртоносната болест коронавирус го тероризира светот, сезоната на алергии почнува или веќе е во полн ек.



Стручњаците велат дека алергиите можат да влијаат врз респираторниот систем и да го направат покревок, па со самото тоа го олеснуваат и заразувањето со ковид-19.

Ако почесто кивавте деновиве, првата мисла што ви дошла до мозокот веројатно била - коронавирус. А, можеби треба само да погледнете низ прозорецот и да видите дека сè цвета.

Ако носот ве чеша, очите ви се црвени и кашлате, а склони сте на алергии, важно е да се заштитите. Како да го направите ова, за Си-ен-ен објаснуваат американските пулмолози и алерголози.

- Кога имате алергија, во вашето тело доаѓа до воспалителни процеси. Ако сте алергични на полен и го вдишете преку носот, тој ќе почне да ве чеша. Ќе дојде до течење на носот и до други ситни воспаленија, кои можат да го ослабнат вашиот имунитет и да го олеснат продорот на вирусот ковид-19 - вели д-р Лејки Рајт, од Оделот за алергија и имунологија во болницата во Бостон.

Затоа експертите тврдат дека е важно да се дејствува превентивно.

- Обидете се колку што е можно помалку да се изложувате на предизвикувачите на алергии и да почнете да земате лекови веќе сега за да ги намалите симптомите на алергија што е можно повеќе и со тоа да го спречите формирањето на слуз или настанувањето на воспаление - препорачува педијатарот Мет Доерти, специјалист за лекување астма и алергии кај деца.

Тој истакнува дека најважно е да се сведе на минимум „формирањето на слуз“.

# Американските лекари: Свртувањето на заболените од коронавирус на стомак спасува животи

• Американските лекари открија дека доколку пациентите со коронавирус се свртат да лежат на стомак, тоа може да им го спаси животот, пишува Си-ен-ен, додавајќи дека на тој начин се зголемува количината на кислород во белите дробови на пациентите.

- Така ги спасуваме животите, 100 отсто. Тоа е едноставно да се направи, а видовме огромно подобрување кај пациентите - рекла д-р Мангала Наришман, директорка на Одделението за сериозно заболени пациенти во мрежата за здравствена нега во „Нортвел хелт“, во чија сопственост се наоѓаат 23 болници во Њујорк.



Како што објаснува Си-ен-ен, пациентите заразени со коронавирус често умираат од акутно респираторен дистрес синдром (АРДС), кој настанува заради оштетување на белодробниот перинхим.

Пред седум години, француските лекари објавија статија што покажува дека пациентите со АРДС, кои биле на респиратори, имаат помала веројатност да умрат ако се свртат на стомак.

Оттогаш, лекарите во САД ги свртуваат на стомак пациенти што се приклучени на респиратори.

Си-ен-ен наведува дека американските лекари го свртеле на стомак еден пациент на Лонг Ајленд и дека потоа стапката на заситеност на кислород се зголемила од 85 на 98 отсто.

Пациентите обично се оставаат така да лежат околу 16 часа на ден, а остатокот од времето лежат на грб, така што лекарите имаат подобар пристап до предната страна на телото и можат полесно да им ги даваат потребните лекови.

# Црвени дамки на кожата и симптоми на инфаркт се нови знаци на зараза со ковид-19

• За коронавирусот и болеста ковид-19 секој ден сè повеќе се дознава, што не изненадува, бидејќи станува збор за потполно нов вирус, досега непознат за науката. И понатаму главните и основни симптоми на ковид-19 се зголемена температура и сува кашлица, но во меѓувреме се појавија уште симптоми, кои научниците ги класифицираат во, исто така, јасни показатели дека станува збор за инфекција со коронавирусот.

**Болки во стомакот**

Значи, досега дознавме и дека губењето на сетилата за мирис и вкус се, исто така, чест симптом. Покрај тоа, голем број случаи, според истражувањето на лекарите од Вухан, пред главните симптоми почувствувале и проблеми со органите за варење, главно во форма на пролив, болки во стомакот и повраќање.

Исто така, постојат и три благи симптоми на коронавирус кои се сосема атипични, како и конјунктивитис. А, како што известуваат стручњаците од француското Национално здружение на дерматовенеролози, сè повеќе има случаи со невообичаени симптоми, кои немаат никаква врска со респираторните симптоми.



Еден од нив се ненадејни црвени дамки на кожата, како изгореници од коприва. Лекарите забележале и честа појава на промени на кожата во форма на лажни смрзнатини. Во моментот, научниците од Националното здружение на дерматовенеролози сè уште размислуваат за овие симптоми и не изразуваат конкретни ставови и проценти.

**Збунетост**

Покрај тоа, како што известува „Тајм“, некои пациенти доживуваат невролошки симптоми како конфузија и збунетост, како и боцкање во екстремитетите. Кај поодделни случаи се појавуваат сите симптоми на срцев удар, но без затнати артерии.

# Пушачите имаат 14 пати повеќе шанса да заболат од коронавирус?

• Министерството за здравство во Велика Британија смета дека и пушачите можат да го доведат своето семејство во опасност од ковид-19. Професор Џон Њутн изјавил дека сега е најдоброто време да се престане со пушењето, додека владее пандемијата на коронавирус. И тоа не само поради своето здравје, туку и поради здравјето на вашите најблиски.

- Пушењето му штети на здравјето на белите дробови и на респираторните органи, а вирусот ковид-9 го напаѓа токму нив, целиот респираторен систем – вели проф. Њутн.

Тој исто така посочил дека истражувањата во Кина докажале дека пушачите имаат 14 пати поголема веројатност да заболат од вирусот отколку непушачите и да развијат сериозни белодробни заболувања. Студијата била спроведена на пациенти во три болници во Вухан, Кина, кои имале влошена состојба од вирусот ковид-19.

Историјата на пушачите е еден од факторите во студијата спроведена од 30 декември до 15 јануари. Староста, телесната температура и респираторната инсуфициенција се, исто така, важни елементи во борбата против коронавирусот.

**Докази**

Студијата покажала дека првите двајца пациенти, кои починале во болница во Вухан, биле долгогодишни пушачи.

Научниците испитувале повеќе од 8.000 пациенти и откриле дека заболеле повеќе мажи отколку жени. А, тоа се должи на фактот, велат тие, затоа што мажите во Кина пушат повеќе од жените, што доведува до слабеење на имунитетот.

Во првите шест недели од пандемијата, 1,7 отсто од жените починале, наспроти 2,8 отсто од мажите.



Во Скопје минав 7 години. Најубавите моменти во кариерата ме врзуваат за тама. Имам силни емоции кон тие луѓе. Се радувам кога одам таму. Како втор дом ми е.

**Илија Абутовиќ**, ракометар

# Спорт

**Ракомет** Илија Абутовиќ со носталгија се сеќава на Скопје

# Во Вардар ми беше најубаво

Одбранбениот играч кој сега настапува за Рајн Некар Левен, во суперлативи зборува за времето минато во црвено-црниот дрес, за првата сезона под палката на Вујовиќ, за освојувањето на првата европска титула...




Стручњакот за одбрана Илија Абутовиќ (31) седум години мина во Вардар, а во европскиот шампион ги доживеа најубавите моменти. Србинот беше дел од Вардар кога прв пат го освои трофејот во ЛШ, а во црвено-црниот дрес дојде во 2011 година и остана до 2018 година. Тој за порталот „Балкан хендбол“ говори во суперлативи за деновите поминати во Вардар и во Скопје, а зборува и за клубот каде е сега, Бундеслигашот Рајн Некар Левен.

- Дури сега гледам колку во Вардар бевме во предност во однос на некои други екипи. Во Германија темпото е ненормално, се игра паралелно Бундеслигата и некое меѓународно натпреварување. Во Вардар фокусот беше на ЛШ. Имавме време по седум дена да се подготвиме за натпреварот. Играчите се одмораа. Овде имаш два дена одмор и повторно силен меч. Тимовите како Вардар, Барселона, Веспрем, Пик Сегед, кои немаат толку силни национални лиги, имаат предност што се однесува до ЛШ, затоа што имаат време за одмор и подготовка – вели Абутовиќ, кој со својот германски клуб минатата сезона играше во ЛШ а сезонава во ЕХФ купот.

- Скопје е едно од најтешките гостувања во Европа. Таму е вулкан, многу големи екипи на крајот на мечот не знаеле како да излезат од салата. Атмосферата таму е јака и тешко е да се биде гостин – вели Илија, кому годините во Скопје како дел од Вардар му се најубавите спортски спомени во животот.

- Во Скопје минав 7 години. Најубавите моменти во кариерата ме врзуваат за таму. Имам силни емоции кон тие луѓе. Се радувам кога одам таму. Како втор дом ми е – вели Абутовиќ. Тој се сеќава на неколку моменти во Вардар.

- Дојдов во Вардар на Михајло Михајловски и Веселин Вујовиќ. Никогаш пред тоа не бев работел со голем тренер како Вујо. Екипата беше добра, првата година го освоивме Купот и СЕХА лигата. Големо искуство беше да се работи со Вујо. Тогаш не ни претпоставував дека по 6 години ќе го освиме ЛШ. Во 2017 година игравме полни со самодоверба. Фленсбург го добивме 2 пати во четвртфиналето. Екипата имаше и глава и опашка. Долго се подготвувавме за фајнал-фор. Во финалето бевме полни со самодоверба. Не ни беше важно кој ќе биде противник. Не ни беа важни имињата кои играа во ПСЖ – вели Абутовиќ за сезоната кога Вардар прв пат стана европски првак, а за ПСЖ играа Карбатиќ, Хансен, Омејер... Но моментно европскиот првак е во криза.

- Ситуацијата со Вардар ја следам добро. Тешко е и за играчите и за клубот. Тешко е да играш и да живееш кога немаш примања. Како да се концентрираш? Би сакал да се заврши се добро, Сергеј да остане во клубот. Многу сум врзан за Вардар. Кога и да се сетам на европската титула и на дочекот во Скопје, тоа ми се најсветлите моменти во кариерата – вели Абутовиќ меѓи другото во разговорот за „Балкан хендбол“.

**Тенис** Србинот дарежлив кон Бергамо

# Ѓоковиќ има златно срце



Директорот на болницата во Бергамо вели дека е импресиониран што Новак Ѓоковиќ решил да му помогне токму на тој италијански град. Најдобриот тенисер на светот упати донација за градот Бергамо, кој претрпе најголеми загуби од почетокот на пандемијата на коронавирусот во Италија. Италијанските медиуми се тие што ја објавија веста за донацијата на српскиот тенисер, со наслов „Ѓоковиќ со златно срце“, поради изјавата на директорот на болницата во Бергамо, Питер Асембергс.

– Така е, Ѓоковиќ има златно срце. Никогаш не престанува да биде дарежлив. Најдобрите луѓе се оние што помошта ја даваат во тајност, не се рекламираат, а други дури и не знаат што тие прават. За неговата љубов кон Италија дознавме од некој друг, а не од него – рече Асембергс.

Директорот на болницата во Бергамо вели дека е импресиониран што Ѓоковиќ решил да му помогне токму на тој град, по помошта што ја испрати во Србија. Првиот светски рекет неодамна донираше 1 милион евра за купување респиратори и друга медицинска опрема.

– Кога слушна за вестите од нашата провинција, тој помагаше. Тој е голем човек и се надевам дека ќе можам наскоро да го прегрнам. Неговата донација ќе помогне во модернизација на шок-собите, а болницата ќе купи друга неопходна опрема што ќе му ја олесни работата на медицинскиот персонал – додаде Асембергс.

**Ракомет** ЕХФ

## Фајнал-фор на ЛШ, со или без публика?

• Германската влада забрани масовни собири до 31 август вклучувајќи ги и сите спортски натпреварувања со навивачи. Тоа ѝ направи проблеми на ЕХФ, која претходно одлучи Ф4 турнирот во Келн од Лигата на шампионите да се игра на 22 и 23 август.




ЕХФ на 24 април закажа нов состанок на кој ќе се одлучува за крајот на европската сезона и одржувањето на Ф4 турнирот. Според тоа ако остане терминот од 22-23 август, завршницата од ЛШ ќе се игра во Келн, но без публика. Сепак, има и варијанта Ф4 турнирот да не се игра во Келн туку во земја во која ќе има услови и за играње со публика.

**Фудбал** Италија

## Балотели: Ќерка ми ќе ги води ултрасите на Наполи

•Фудбалерот на Бреша, Марио Балотели, времето во карантин го поминува најчесто дружејќи се со своите фанови на социјалните мрежи. Тој секојдневно во живо разговара со фановите и со поранешните и актуелни фудбалери. Едно од најинтригантните прашања му беше поставено од Фабио Канаваро, а се однесуваше за евентуален трансфер во Наполи. Балотели моменто игра во Бреша, но минатото лето се поврзуваше со трансфер во Наполи и тој сега открива дека и такво сценарио не би му пречело доколку се случи во наредниот преоден рок.

– Сакав да се преселам во Наполи, сигурно е дека одлично би си поминал таму. Ќерка ми ќе биде водач на ултрасите, таа е голем навивач на Наполи – му рече Балотели на својот поранешен соиграч од репрезентацијата, Фабио Канаваро.

**Фудбал** Најпознати голгетерски двојки



Мајстори за голови - Лео Меси и Луис Суарез

# Никој како Суарез и Меси

**Дуото на Барселона е сè уште ненадминато постигнувајќи заедно 100 гола во сезоната во 2015/2016. Во историјата на фудбалот познати се и други двојки голгетери што ги носеле своите клубови до трофеи...**

Што е подобро од еден расен голгетер? Секако, двајца расни голгетери. Во големите клубови честопати настапуваат играчи во шпицот, кои повеќе се надополнуваат одошто си конкурираат и со тоа придонесуваат за шампионските титули и признанија.

**Луис Суарез и Лионел Меси**
Барселона – 100 гола (2015/2016)

Лео Меси и Луис Суарез се двојката што постигнала најмногу голови во една сезона, ако зборуваме за големите натпревари. Од 2014 година заедно имаат постигнато 464 гола во дресот на Барселона.

Нивна најголема кампања за една сезона е онаа во 2015/2016 година, кога ова дуо постигна дури 100 гола во сите натпреварувања. Меси постигна 41 од тие голови, а Суарез 59.

**Алфредо Ди Стефано и Ференц Пушкаш**
Реал Мадрид - 74 гола (1960/1961)

Второто најголемо голгетерско партнерство во историјата нè води многу наназад. Станува збор за Алфредо Ди Стефано и Ференц Пушкаш, кои во Реал Мадрид од 1958 до 1964 година постигнаа импресивни 302 гола заедно.

Нивна најдобра заедничка сезона беше во 1960/1961 година кога заедно постигнаа 74 гола, освојувајќи ја Ла Лига додека ривалот Атлетико Мадрид беше второпласиран.



↑ Хулк и Радамел Фалкао

**Хулк и Радамел Фалкао**
Порто - 73 гола (2010/2011)

Хулк и Фалкао беа многу опасни заедно три години додека играа во Порто, а оваа двојка беше особено опасна во 2010/2011. Тие успеаја во таа сезона да постигнат 73 гола, а ја освоија првата лига во Португалија, Купот и Лига Европа. Фалкао можеби разочара во Челси и Манчестер јунајтед, но тогаш беше еден од најдобрите голгетери.

**Един Џеко и Графите**
Волфсбург – 71 гол (2008/2009)

Бразилецот и Босанецот заедно постигнаа 71 гол во дресот на Волфсбург. Головите на оваа двојка му обезбедија титула на



↑ Един Џеко и Графите

Волфсбург во Бундеслигата. Тие завршија два бода пред Берн Минхен, а овие стрелци постигнаа вкупно 54 гола само во лигата. Во таа сезона Графите постигна 35 гола, а Џеко 36.

**Серхио Агуеро и Диего Форлан**
Атлетико Мадрид – 56 гола (2008/2009)

За време на нивните пет години заедно во Атлетико Мадрид, Агуеро и Форлан постигнаа забележителни 190 гола заедно. Нивна најдобра заедничка сезона беше 2008/2009, во која постигнаа 56 гола во сите натпревари. Штета што не освоија ниеден трофеј, но во таа сезона Атлетико постигна голема победа над Барселона 4-3 што ќе




↑ Агуеро и Диего Форлан

остане долго во сеќавањата на многу фанови.

**Енди Кол и Двајт Јорк**
Манчестер јунајтед – 53 гола (1998/1999)

Ова дуо постигна 53 гола во една сезона во Премиерлигата, ФА Купот и Лигата на шампионите. Тоа им помогна на црвените ѓаволи да имаат навистина забележителна сезона.

**Луис Суарез и Даниел Стариџ**
Ливерпул – 52 гола (2013/2014)

Ливерпул стана шампион во 2014 година благодарение на партнерството помеѓу Стариџ и Суарез. Уругваецот ја освои златната копачка со 31 гол, пред да мине во Барса идната сезона, а беше надополнет со 21 гол на Стариџ.

Тоа се голови постигнати само во Премиерлигата и бројот е втор најдобар во оваа лига. Најмногу голови во една сезона во Премиерлигата постигнати од двојка стрелци е она на Енди Кол и Питер Бирдсли, кои заедно постигнаа 55 гола во 1993/1994 година.



**Алан Ширер и Крис Сатон**
Блекбурн – 49 гола (1994/1995)

Блекбурн има шампионска титула во Премиерлигата. Овој тим што сега игра во Чемпиошип дивизијата ја освои Премиерлигата во 1995 година. Најмногу од головите дојдоа од двојката Ширер – Сатон. Ширер постигна 34, а Сатон 15 и тоа беше решавачко за титулата. Ширер сè уште го држи рекордот на најдобар стрелец во Англија.

**Јан Раш и Кени Далглиш**
Ливерпул – 47 гола (1983/1984)

Можеби најпознатото дуо напаѓачи на Ливерпул е Раш-Далглиш. Во сезоната 83/84 ова дуо го достигна зенитот. Раш постигна 32 гола, а Далглиш 15 гола. Тоа беше доволно Ливерпул да ја освои титулата на првенството во Англија, Европскиот куп и Лига купот.

**Тјери Анри и Денис Беркамп**
Арсенал – 34 гола (2003/2004)

Нема попознато дуо напаѓачи од Арсенал од Анри – Беркамп. Оваа двојка беше брилијантна во сезоната во која Арсенал не забележа ниеден пораз во Премиерлигата. Тие се на оваа листа не само поради тоа што заедно постигнаа 34 гола, туку дека беа дел од тој тим што ја освои Премиерлигата.

ДОДАТОК ЗА ТЕЛЕВИЗИСКА ПРОГРАМА

# ТВ. прилог

Петок, 17 април 2020 - **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.**



ХБО ИНТЕРВЈУ

## Винсент Касел

# Телевизијата ми даде чувство на слобода



24 ВЕСТИ

19.45

ТВ СЕРИЈА

ЖЕНСКИ РАЈ



ТРЕТО ПОЛУВРЕМЕ

НЕДЕЛА ● СИТЕЛ ● 14.15 ЧАСОТ



ЛЕГЕНДАТА ЗА ПИЈАНИСТОТ

ПЕТОК ● МТВ 1 ● 20.15 ЧАСОТ



МЕДЕНА ЗЕМЈА

САБОТА ● ТЕЛМА ● 19.15 ЧАСОТ

## HBO



Добредојдовте во џунглата 21:45

07:15 Сиромашни но богати 2
08:50 Аладин
10:20 Мистерии од крстозборот 2
11:45 Хари Потер и полукрвниот принц
14:15 Дамбо
16:35 Зезање II, еп. 9-10
17:35 Аквамен
20:00 Зеро зеро зеро, еп. 4
20:50 Фоси/Вердон, еп. 7
21:45 Добредојдовте во џунглата
23:25 Фаворит
01:15 Снеч
02:55 Белото момче Рик

## HBO 2



Чарлиевите ангели 2 10:35

06:00 Одмаздници: Завршница
09:00 Враќањето на кучето
10:35 Чарлиевите ангели 2
12:20 Големи мали лаги
13:20 Потпретседателка II
13:50 Капетанка Марвел
15:55 Маѓепсани
17:40 Приказните на Маша
18:15 Младиот Шелдон III
19:00 Приказна за играчките 4
**20:40 Боемска рапсодија**
22:55 Жените на Троја
23:55 Аксиос III
00:35 Интервјуто



### БОЕМСКА РАПСОДИЈА

РЕЖИЈА: Bryan Singer
должина: 129 минути I 2018 год.
жанр: Драма, музички
УЛОГИ: Rami Malek, Joseph Mazzello, Mike Myers, Gwilym Lee, Aidan Gillen

„Боемска рапсодија“ ги слави групата „Квин“, нејзината музика и нејзиниот неверојатен пејач Фреди Меркјури. Фреди им пркосеше на стереотипите и конвенциите за да стане еден од најомилените изведувачи на планетата. Филмот го следи подемот на групата преку нивните познати песни и револуционерниот звук. Тие постигнаа невиден успех, но сосема неочекувано Фреди, поради некои помрачни влијанија, одлучи да ја напушти групата...

## Избор од ТВ програма - ПЕТОК 17 април 2020







**23:35** МТВ 1
**Амундсен**
филм

**00:10** ТЕЛМА
**На оној свет**
филм

**12:10** СИТЕЛ
**Практична жена**
пладневен журнал

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
12:00 Бушава азбука
12:35 Велигден
13:25 Велипеток
18:15 Манастирите во Македонија
20:15 Преспав
21:10 Трст виа Скопје – серија
22:05 Мост – серија
23:35 Амундсен – филм

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
07:55 90 минути
09:50 Автомагазин
11:35 Вин Вин
14:00 Легендата за чуварите - филм
19:15 Соба со пијано - филм
21:00 Камена градина - филм
22:15 Лок – филм
00:10 На оној свет - филм

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

06.45 Ја сакам Македонија
10.00 Дива земја - серија
12.10 Практична жена
17.00 Брза кујна
17.50 Се или нешто - квиз
19.45 Близнаци - играна серија
21.00 Сестри - серија
22.00 Истанбулската невеста - серија
23.35 Полицајци почетници - серија

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
11:10 Зевзекманија
12:00 Фчерашни новости
13:00 Македонски приказни
18:40 Само интервју!
19:40 Тажна жена - серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко - серија
00:30 Бекстеј

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07:00 Очи в очи
08:00 24 анализа
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45 24 анализа
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај – серија
22:30 ВИП на еден ден

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
11:15 Со стил - емисија
13:15 Семејството на татко ми – серија
15:30 Бескрајна љубов - ТВ новела
16:40 Попладне
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака – серија
20:45 Мојата керкичка – серија
22:00 360 степени - со В. Попетревски

## HBO



Толкин 16:20

06:00 Пак ти
07:45 Ју-Ту: Експириенс
09:00 Лего филм 2
10:45 Ужасни шефови 2
12:30 Велигденска мисија
13:55 Хари Потер и даровите на смртта 1
16:20 Толкин
18:10 Лего филм 2
**20:00 Ѕвездата е родена**
22:10 2 пиштола
00:00 Градот на гревот
02:00 Холмс и Вотсон
03:30 Што се случи на ...

## HBO 2



Заговорот против Америка 21:55

07:20 Лего филм
09:05 Перси Џексон: Море од чудовишта
10:50 Малата вештерка
12:35 Ромео и Јулија: Повеќе од зборови
14:10 Воени последици
16:00 Дафне и Велма
17:15 Ти бркаш!
19:00 Сан Андреас
20:55 Мојата генијална другарка
21:55 Заговорот против Америка
22:55 Вестворлд III
23:55 Ова е крајот



### ЅВЕЗДАТА Е РОДЕНА

РЕЖИЈА: Bradley Cooper
ДОЛЖИНА: 130 минути I 2018 год.
ЖАНР: Драма мјузикл
УЛОГИ: Lady Gaga, Bradley Cooper, Sam Elliott, Dave Chappelle, Anthony Ramos

Во филмот игра Бредли Купер („Американски Снајпер“) кој е четирипати номиниран за „Оскар“, како и повеќекратно наградуваната ѕвезда, номинирана и за „Оскар“, Лејди Гага, во својата прва водечка улога во голем филм. Купер ја предводи драмата и го означува своето режисерско деби. Во овој нов поглед на трагичната љубовна приказна, тој го игра искусниот музичар Џексон Мејн кој ја открива и се вљубува во ...

## Избор од ТВ програма - САБОТА 18 април 2020







**20:15** МТВ 1
**Лазар**
филм

**17:10** ТЕЛМА
**Соба со пијано**
филм

**12:30** 24 ВЕСТИ
**Ај не замарај!**
играна серија

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

11:15 Бушава азбука
14:20 Тунел
14:55 Манастирите во Македонија
17:45 Ерген – филм
20:15 Лазар – филм
21:55 Радост моја Христос Воскресе
23:45 Опход со литија околу храмот и објавување на Христовото воскресение

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

10:30 Телма Амбуланта
12:00 Автомагазин
13:35 Велвет – серија
16:15 Соба со пијано - филм
19:15 Медена земја – докум. филм
20:45 Црвена соба - филм
21:05 Види ја ти неа - филм
22:10 Црна миса - игран филм
00:20 Госпоѓицата Слоун - филм

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

07:00 Ја сакам Македонија
11:25 На граница - серија
12:15 Кино класика Бомбардер - филм
17:00 Мерак меана
18:00 Листа за 300 - квиз
19:45 Другото име на љубовта - серија
21:40 Полна месечина - серија
23:30 Вртелешка на судбината - филм

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Ние и вие - реприза
10:45 Македонски приказни
12:30 Тажна жена - серија
18:30 Зевзекманија
19:15 Огледало
20:00 Лото извлекување
20:15 Ѕвездите на Гранд: Македонци учесници
22:30 Игран филм

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

09:30 Детски фестивал
11:30 Светот на дланка
13:00 Астрорум
14:35 24 анализа
16:15 Ај не замарај! – серија
17:45 Во тек
19:00 Патот до успехот
21:00 Реј Донован – серија
22:30 Женски рај – серија

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

07:30 Со стил
10:45 Highlights - со Берта
13:05 Семејството на татко ми – серија
15:15 1001 оброк - Готвачка емисија
16:35 Огледало на здравјето
17:10 Авто Магазин
19:40 Цена на љубовта – серија
21:10 Држиме за рака – серија
23:35 Игран Филм

### HBO



Си било еднаш во Холивуд 20:00

06:00 Велигденска мисија
07:25 Толкин
09:15 Потрагата по Немо
10:55 Ѕвездата е родена
13:10 Хари Потер и даровите на смртта 2
15:20 Човек-пајак: Далеку од дома
17:25 Евтини приказни
20:00 Си било еднаш во Холивуд
22:40 Вестворлд III
23:40 Ритамот на лудилото
01:25 Злобна кралица
03:00 Вестворлд III
04:00 Ловец убиец

### HBO 2



Лаги и кражба 20:25

06:00 Маша и Медо
07:15 Ѕвончица и чудовиштето од Недојдија
08:30 Национално богатство
10:40 Чиракот на волшебникот
12:30 Заплеткана
14:10 Готвачка романса
15:35 Седум животи
17:35 Зезање II,
19:00 Мистерии од крстозборот
20:25 Лаги и кражба
22:05 Опасните моторџии
22:55 Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII
23:25 Одржување хај IV
00:00 Холивудленд

## Избор од ТВ програма - НЕДЕЛА 19 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

08:00 Бушава азбука
09:00 Воскресна литургија
12:00 Велигден во Драчево
12:20 Молитва за Велигден
13:25 Волшебната флејта
15:00 Црно или бело – филм
17:45 Концерт - Танец
20:15 Легендата за пијанистот – филм
23:05 Концерт на група Меморија

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
08:00 90 минути
16:15 Париз може да почека - филм
12:45 Вевет – серија
19:15 Намини барем еднаш - филм
19:30 Верувам во љубовта - филм
19:50 Медена земја - докум. филм
22:15 Џган - филм
00:00 Двајца во градот - филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

08:05 Фолк естрада
11:15 На граница - серија
14:15 Трето полувреме - филм
16:30 Детектор - политички магазин
17:00 Мерак меана - музичко шоу
18:00 Листа за 300 - квиз шоу
19:45 Другото име на љубовта - серија
21:40 Полна месечина - серија
23:30 Гол ручек - игран филм

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

07:30 Ние и вие - реприза
12:00 Бразди
13:15 Забрането јаболко
18:30 Еден на еден
19:30 Фчерашни новости
20:00 Бекстејџ
20:30 Огледало
21:20 Никогаш не е доцна
22:30 Игран филм

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:30 Откриени тајни
10:00 Игран филм
12:35 24 анализа
14:30 Живот со стил
16:20 Ај не замарај – серија
17:45 Во тек
19:00 Трилинг
20:45 Флексија
22:30 Женски рај – серија

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

08:25 Прости ми – серија
13:05 Семејството на татко ми – серија
14:35 Цена на љубовта – серија
15:15 1001 оброк - Готвачка емисија
17:15 Машина - емисија
17:50 Војна на невестите
19:40 Мојата ќерќичка – серија
20:45 Држиме за рака – серија
23:35 Игран Филм

### HBO



Гранд Хотел Будимпешта 22:00

06:00 Четирите пердуви
08:30 Младиот Шелдон III
08:55 Аладин
11:00 Осумте на Оушн
12:50 Дора истражува - Изгубениот град
14:30 Одмаздници: Завршница
17:30 Приказна за играчките 4
19:10 Раскажи ми приказна II
20:00 Вестворлд III
21:00 Несигурна IV
21:30 Бегство кон љубовта
22:00 Гранд Хотел Будимпешта
23:40 Пијани родители
01:20 Натрапник

### HBO 2



Книга за џунглата 11:15

06:00 Убавицата и ѕверот
08:10 Снежно кралство
09:50 Алекс и јас
11:15 Книга за џунглата
13:05 Големи мали лаги II
13:50 Потпретседателка II
14:20 UNKNOWN CONTENT
14:50 Инстант семејство
16:50 Фантастични ѕверки и каде да се најдат
19:00 Фантастични ѕверки: Злосторствата на Гринделвалд
21:10 Пристаништето II
22:05 Што правиме во сенките
22:30 Тајните програмери

## Избор од ТВ програма - ПОНЕДЕЛНИК 20 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
09:25 Велигден
10:50 Фестивал Поточиња 2019
13:25 Манастирите во Македонија
14:55 Од нашата душа - концерт на група Фонтана
20:15 Преспав - серија
20:50 Супермен - филм
23:15 Име - театарска претстава

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

10:30 Приказна за делфинот – филм
13:30 Патување во Недојдија - филм
16:15 Штркови - филм
19:15 Љубовникот - филм
19:20 Камена градина - филм
21:10 Љубовникот – филм
22:15 Бесрамници - серија
23:15 Киану - филм
01:15 И понатаму Алис - филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

06.45 Куче и Пони Шоу - филм
10:00 Дива земја - серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23.35 Балканот не е мртов - филм

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
11:10 Ние и вие
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена – серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко – серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:15 Забавна музика
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45 24 анализа
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај – серија
22:45 Патот до успехот

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
13:15 Семејството на татко ми – серија
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна лубов - ТВ новела
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака – серија
20:45 Мојата ќерќичка – серија
22:00 Sing my Song

### HBO



Гордост, предрасуда и имела 16:50

07:40 Кралот лав
09:05 Кратки филмови од Дизни
09:35 Маѓепсани
11:20 Мачки и кучиња
12:45 Гранд Хотел Будимпешта
14:25 Белото момче Рик
16:15 Минатата недела вечерва со Џон Оливер VII
16:50 Гордост, предрасуда и имела
18:15 Пристаништето II
19:10 Последици II
20:00 Заговорот против Америка
21:00 Мојата генијална другарка
22:00 Градот на гревот
00:05 Мистериите на Хејли Дин: Рецепт за убиство

### HBO 2



Ноќ во музејот 15:30

06:00 Лајло и Стич 2
07:10 Детето кое ќе стане крал
09:10 Кралот Лав
11:05 Инстант семејство
13:00 Големи мали лаги II
13:55 Потпретседателка II
14:25 Дамбо
15:30 Ноќ во музејот
17:15 Ноќ во музејот 2
19:00 Капетанка Марвел
21:05 Зеро зеро зеро
21:55 Црн понеделник II
22:30 Испорака
00:20 Што можеш во Денвер кога си мртов
02:15 Брајтбурн

## Избор од ТВ програма - ВТОРНИК 21 април 2020

### МТВ 1
вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
13:25 Светот на тишината
17:45 Тунел
18:55 Бушава азбука
20:15 Преспав – серија
20:45 Пријатели – серија
21:10 Трст виа Скопје - ТВ серија
22:05 Мост – серија
23:35 Барбароса, 1 дел - филм

### ТЕЛМА
вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
07:50 Приказна за делфинот - филм
10:45 Танцот на малиот пингвин 2
16:15 Црвена линија
17:30 Вевет – серија
19:15 Топ Тема
20:35 Топло - ладно – серија
22:15 Бесрамници – серија
23:15 Внатре - филм

### СИТЕЛ
вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10:00 Дива земја - серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - серија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23.35 Полицајци Почетници- серија

### КАНАЛ 5
вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
10:00 Визита
11:10 Ние и вие
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко – серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ
вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:00 24 анализа
10:15 Фактор здравје
11:00 Во тек
16:00 Очи в очи
17:45 24 анализа
20:40 Столици - квиз
21:05 Женски рај - серија
22:30 Ај не замарај! - серија
23:15 24 анализа

### АЛСАТ М
вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
11:15 Да готвиме со Алсат
13:15 Семејството на татко ми
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна лубов - ТВ новела
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака – серија
20:45 - Мојата керќичка – серија
22:00 200 - со Назим Рашиди

ХБО ИНТЕРВЈУ СО ВИНСЕНТ КАСЕЛ

# „Телевизијата ми даде чувство

„Вестворлд“ е темна одисеја за развојот на вештачката интелигенција и еволуцијата на гревот, која го истражува светот во кој секој човечки апетит може да биде задоволен, без разлика дали се работи за благородна душа или психопат.



Во деновите кога многумина од нас се затворени во своите домови, поради мерките донесени за спречување на ширењето на коронавирусот, квалитетната ТВ-програма ни се чини како никогаш побитна.

За среќа, од вчера претплатниците на ХБО-каналите, како и на интернет-платформата ХБО ГО, имаат можност да уживаат во епизодите на третата сезона од хит серијата „Вестворлд“.

„Вестворлд“ е темна одисеја за развојот на вештачката интелигенција и еволуцијата на гревот, која го истражува светот во кој секој човечки апетит може да биде задоволен, без разлика дали се работи за благородна душа или психопат. Барајќи одговор за тоа што значи да се биде човек, андроидните домаќини на забавниот парк „Вестворлд“ ги истражуваат границите на егзотичниот свет, секој ден одново играјќи ја истата улога. „Вестворлд“ е внимателно дизајниран забавен пар, во кој посетителите можат да си дозволат сè што е забрането во вистинскиот свет. Тука секој може да биде човек каков што посакувал да биде. Без правила и ограничувања, без закони и морална осуда.

Првите две сезони на „Вестворлд“ постигнаа извонреден успех во гледаност, а серијата беше наградена со 42 номинации. Автори на серијата се Џонатан Нолан и Лиса Џој.

Во главните улоги во третата сезона се актерите Еван Рејчел Вуд, Џефри Рајт, Ед Харис, Теса Томпсон, а во наредните епизоди ќе го видиме и славниот француски актер Винсент Касел, чие ексклузивно интервју добивме дозвола од продукцијата да го пренесеме на страниците на „Слободен печат“.

**Оваа серија е за жените и женските ликови навистина ме воодушевија. Главните ликови, воедно и најсилните се играни од прекрасни актерки. Тие се борат за своите права и не сакаат да бидат контролирани, тие сакаат правда. Тие се неверојатно силни**

**● Дали бевте фан на „Вестворлд“ пред да бидете вклучен во кастингот?**

- Да, ги изгледав двете сезони и кога се јавија со понудата бев навистина возбуден, бидејќи навистина уживав во серијата. Горд сум што станав

## „Бегство во љубовта“ за зависниците од романтични комедии



Новата полчасовна хумористична серија „Бегство кон љубовта“, на сценаристката и продуцентка Вики Џоунс, имаше премиера на 13 април на програмата на ХБО, а истиот ден беше ставена и во понудата на ХБО ГО.

Со Мерит Вивер и Домнал Глисон во главните улоги, „Бегство кон љубовта“ е микс од романтична комедија и трилер. Серијата раскажува за Руби Ричардсон (Вевер), жена која го напушта животот во предградието за да ги евоцира спомените од минатото со некогашното момче од колеџ, Били Џонсон (Глисон). Пред 17 години тие склучиле договор дека доколку еден од нив испрати порака со содржина „бегство“ и го добие истиот одговор, тогаш го напуштаат дотогашниот живот и се среќаваат на станицата „Гранд централ“ во Њујорк за да ја шетаат Америка заедно.

Како гости во серијата се појавуваат и добитничката на „Еми“ и „Златен глобус“ Фиби Волер Бриџ во улогата на Лорел, жена која Руби и Били ќе ја запознаат за време на своето патување. Рич Сомер го игра сопругот на Руби, Тамара Подемски ќе ја гледаме како полициски детектив, додека Арџи Пенџаби е Фиона, поранешна помошничка на Били.

Освен Вики Џоунс, извршни продуценти се и Фиби Волер Бриџ, Џени Робинс, Кејт Денис, Емили Лио и Оливер Роскил.

# на слобода“



дел од серијата. Цело време мислам дека тоа е најдоброто шоу што се прикажува на телевизија. Тоа е серија за паметна и зрела публика, извонредно продуцирана.

**● Што смеете да ни откриете од новата сезона?**

- Кога првпат ми се јавија, ми открија дека прикажаната доста еволуирала. И при секој нареден состанок дознавав нешто повеќе за мојот лик. Не го знам целото дејство, но можам да проценам дека нештата се движат во интересна насока.

**■ Во главните улоги во третата сезона се актерите Еван Рејчел Вуд, Џефри Рајт, Ед Харис, Теса Томпсон, а во наредните епизоди ќе го видиме и славниот француски актер Винсент Касел, чие ексклузивно интервју добивме дозвола од продукцијата да го пренесеме на страниците на „Слободен печат“**

**Горд сум што станав дел од серијата. Цело време мислам дека тоа е најдоброто шоу што се прикажува на телевизија. Тоа е серија за паметна и зрела публика, извонредно продуцирана**

**● Твојот лик е во извонредна комбинација со женските ликови во серијата?**

- Оваа серија е за жените и женските ликови навистина ме воодушевија. Главните ликови, воедно и најсилните се играни од прекрасни актерки. Тие се борат за своите права и не сакаат да бидат контролирани, тие сакаат правда. Тие се неверојатно силни.

**● Џонатан Нолан во една пригода изјави дека во „Вестворлд“ надежта е малку присутна. Но, женските ликови како да се полни со надеж?**

- Тоа и јас го мислам, навистина е силна феминистичката страна на авантурата. Во моите односи со Меви (Тенди Њутон) беше навистина интересно што таа разви однос со еден супермоќен и богат човек, кој за првпат во својот живот пронаоѓа жена што интелектуално му одговара.

**● Во оваа сезона на гледачите им се претставува идејата за „системот“, за некаква машина што ги контролира животите на андроидите во „Вестворлд“.**

- Машината е програмирана да ја „чита“ иднината. Кога знаеш што треба да се случи, тогаш можеш да влијаеш на дејството и тогаш многу лоши работи предвидени во сценариото на паркот нема да се случат. Главната идеја е да се прекине со страдањето, сиромаштијата и нееднаквоста во светот, но станува невозможно кога тоа треба да се примени врз милиони луѓе.

**● Ова е вашата прва серија. Колку е различно ова искуство од она во филмовите?**

- Различно, но и многу интересно. Кога се снима филм, актерот има однос само со режисерот, но тука не е така, потребно е да се средат работите со повеќе луѓе. Потребна е голема одговорност, снимањето трае подолго и се снима на голем број локации. Ова е ново искуство за мене, но уживав во целата работа. Снимањето на ТВ-серијата ми даде чувство на слобода. Во сериите има толку многу улоги, што секогаш ќе може да се пронајде една и за мене.

## МТВ




# „Зоки Поки“ ќе стартува следниот месец

ТВ-серијата „Зоки Поки“ од 4 мај ќе се емитува на Македонската радио-телевизија. Десетте епизоди ќе се емитуваат секој понеделник и четврток во 20:15 часот на првата програма, со репризи наредниот ден и во сабота и во недела. По емитувањето на МРТ, наредниот ден, епизодите ќе се поставуваат и на веб-страницата и на официјалниот јутјуб-канал.

Насловната улога ја игра Матеј Настевски. Лидија е Анастасија Аневска, а играат: Матео Матоски, Матеј Зимбаков.

Освен децата актери, во серијата играат и: Сашко Коцев и Даниела Иваноска, кои ги глумат родителите на Зоки, и Сабина Ајрула-Тозија, која ќе ја глуми неговата баба.

ТВ-серијата „Зоки Поки“ е модерна екранизација на култната детска книга на Оливера Николова. Продуцент е „Кино око“, копродуцент е МРТВ, а финансиски го поддржа и Агенцијата за филм на Македонија.

Режисери на серијата се Александар Поповски и Марија Апчевска, а режисери на епизоди се и Даријан Пејовски и Радован Петровиќ.

Сценаријата ги пишуваа Сашо Кокаланов и Билјана Црвенковска, директор на фотографија е Кристијан Војдановски, сценограф Иван Бартлинг, шминка Жанета Димитриевска, дизајн на тон Ристо Алчинов, монтажери Атанас Георгиев, Благоја Неделковски, Софија Самоиловска и Драган Алексов, додека за костимите се погрижи Жаклина Крстевска.

Музиката ја компонира Александар Пејовски, песните Александар Митевски, а музиката за најавната шпица – Игор Василев-Новоградска.

## ОСТАНИ ДОМА

# Бесплатно домашно кино

Во време кога вратите на кината остануваат затворени и препораките се сите да останат во своите домови во обид да се спротиставиме на ширењето на коронавирусот, до крајот на месецот преку платформата „Cinesquare“ се нудат бесплатни играни долгометражни филмови, документарци и кратки филмови за сите корисници во 13 територии.

Само регистрација на cinesquare.net или на андроид-апликацијата достапна на „Гугл плеј“ е доволно да се пристапи кон бесплатните содржини во оваа понуда.

Колекцијата е достапна како резултат на добрата соработка со голем број дистрибутери и продуценти за да се одговори на потребите и очекувањата на публиката во овој тежок период и квалитетно да се исполни дел од времето дома преку содржини кои не се дел од каталогот на глобалните играчи, како и да придонесе против ширењето на вирусот.

Не е заборавена ниту најмладата публика, за која се достапни филмови со превод, како и синхронизирани филмови, меѓу кои и на македонски јазик. Освен ова, платформата во соработка со Филмскиот фестивал за млади „Цифони Македонија“ го направи бесплатно достапен и детскиот каталог со промотивен код.

## ХОЛИВУД ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

# Неизвесна е судбината на кината

Поголемиот дел од светот е во вонредни мерки, поради пандемијата на коронавирусот ковид-19, што подразбира дека јавните места се затворени за посетителите. Тоа се однесува и на киносалите, чиј репертоар е одложен на неодредено време. Во оваа ситуација без преседан се најдоа холивудските продукции, чии најнови филмови сè уште чекаат на промоцијата. Според известувањето на американските медиуми, вонредните мерки би можеле да ја попречат и организацијата на наредното доделување на филмските награди „Оскар“, кои ги доделува Американската академија за филмски науки. Голем проблем може да се јави со промовирањето на филмовите, кои би требало да бидат земени во предвид за номинациите.

Сепак, најголемите стравувања на филмските работници се однесуваат на кината, кои веќе извесно време се без приходи. Состојбата во вој бизнис не беше идеална ниту пред избувнувањето на пандемијата, па многумина сметаат дека додека да заврши заразата, голем број киносали во САД и во светот ќе прогласат банкрот.

## HBO



Потрагата по Немо 12:40

06:00 Зависник од купување
07:45 Хортон
09:10 Реставрација
11:05 Доказ
12:45 Потрагата по Немо
14:25 Најдобрите часови
16:20 Лошиот Дедо Мраз
17:50 Холивуд: На снимање XVII
18:20 Ти бркаш!
20:00 Си било еднаш во Холивуд
22:40 Вестворлд III
23:40 Фаворит
01:30 Татко ми напиша порно
02:30 Си било еднаш во Холивуд

## HBO 2



Тим А 19:00

06:00 Готвачка романса
07:20 Заплеткана
08:55 Дафне и Велма
10:10 Се надевам дека ќе умреш...
12:35 Фоси/Вердон
13:30 Потпретседателка II
14:00 Младиот Шелдон III
14:20 Барајќи ја Дори
**16:20 Веном**
18:10 Последици II
19:00 Тим А
21:15 Раскажи ми приказна II
22:00 Ослепени од светлата
23:55 Цеј и Тивкиот Боб го ...



### ВЕНОМ

РЕЖИЈА: Ruben Fleischer
ДОЛЖИНА: 108 минути I 2018 год.
ЖАНР: Акција, Адаптации на стрипови
УЛОГИ: Tom Hardy, Michelle Williams, Woody Harrelson, Scott Haze

Ова е приказна за еден од најтаинствените, најкомплексни и најопасни ликови на „Марвел“! Еди Брок (Том Харди) е скршен човек откако губи сè, вклучително и сопствената работа и свршеницата. Баш кога е најдолу во животот, тој станува домаќин на еден вонземјанин, кој му дава супермоќи. Дали овие моќи ќе бидат доволни за да ги порази големите сили на злото, особено против далеку посилниот ривал?

## Избор од ТВ програма - СРЕДА 22 април 2020



**20:25** МТВ 1
**Преспав**
играна серија



**17:50** АЛСАТ
**Прости ми**
играна серија



**23:15** ТЕЛМА
**Волците пред врата**
филм

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
13:20 Тунел
18:55 Бушава азбука
20:05 Агенда 35
20:25 Преспав – серија
20:55 Пријатели – серија
21:20 Трст виа Скопје – ТВ серија
22:15 Мост – серија
23:45 Барбароса, 2 дел - филм

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
07:55 90 минути
10:35 Градини
16:15 Црвена линија
17:30 Велвет – серија
19:15 Топ Тема
20:35 Топло - ладно – серија
22:10 Бесрамници – серија
23:15 Волците пред врата - филм

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10:00 Дива земја - серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто - квиз
19:45 Близнаци - серија
21:00 Сестри - ерија
22:00 Истанбулската невеста - серија
23:55 Полицајци почетници - серија

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

06:55` Здраво Македонијо
10:00 Визита
11:10 Ние и вие
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена - серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко - серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

08:00 24 анализ
10.15 Фактор Здравје
11.00 Во Тек
16.00 Очи в очи
17.45 Отворено Студио
20.40 Столици
21.45 Ај не замарај - серија
23.00 Флексија
23.30 Женски Рај - серија

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
11:15 Да готвиме со Алсат
13:15 Семејството на татко ми
16:40 Попладне
17:25 Бескрајна љубов - ТВ новела
17:50 Прости ми - серија
19:45 Држиме за рака - серија
20:45 Мојата керкичка – серија
22:00 Економски магазин

## HBO



Дамбо 17:05

07:45 Таа
09:50 Малата сирена
11:10 Младиот Шелдон III
11:55 Гоустрајдер
13:45 Чиракот на волшебникот
15:35 Свадбен марш 4
17:05 Дамбо
19:00 Заговорот против Америка
**20:00 Мапети**
21:45 После вистината:
23:20 Аксиос III
23:55 Идентитет
01:25 Холмс и Вотсон
02:55 Евтини приказни

## HBO 2



Лоши момци 2 22:45

06:00 Тимот „Г“
07:30 Добриот диносаурус
09:00 МУЛЕН РУЖ!
11:05 Мистериите на Хејли Дин:
12:25 Големи мали лаги II
13:10 Потпретседателка II
13:40 Тимот „Г“
15:05 Сан Андреас
17:00 Мојата генијална другарка
18:00 Несигурна IV
18:30 Бегство кон љубовта
19:00 Човек-пајак: Далеку од дома
21:10 На орелски крилја
22:45 Лоши момци 2



### МАПЕТИ

РЕЖИЈА: James Bobin
ДОЛЖИНА: 99 минути I 2011 год.
ЖАНР: Комедија, семејство
УЛОГИ: Jason Segel, Amy Adams, Chris Cooper, Rashida Jones, Alan Arkin

Додека е на одмор во Лос Анџелес, Волтер, најголемиот обожавател на Мапетите на светот, неговиот брат Гери и девојката на Гери, Мери од Смолтаун, САД, го откриваат злобниот план на нафташкиот магнат Текс Ричмен да го урне театарот на Мапетите и да ја експлоатира скорооткриената нафта под поранешниот театар на Мапетите. За да соберат 10 милиони долари, кои се потребни за да се спаси театарот, Волтер, Мери и Гери му ...

## Избор од ТВ програма - ЧЕТВРТОК 23 април 2020



**21:10** МТВ 1
**Мост**
играна серија



**19:45** СИТЕЛ
**Близнаци**
играна серија



**19:40** КАНАЛ 5
**Тажна жена**
играна серија

### МТВ 1

вести 17:00 19:30 22:30

06:45 Македонија наутро
15:20 Неоткриени пејзажи
17:45 Тунел
19:00 Бушава азбука
20:15 Преспав – серија
20:45 Пријатели – серија
21:10 Трст виа Скопје – ТВ серија
22:10 Мост – серија
23:40 Задача – филм

### ТЕЛМА

вести 15:30 18:30 21:30

07:00 Телма Амбуланта
07:55 90 минути
11:10 Топ тема
16:15 Црвена линија
17:30 Велвет – серија
19:15 Вин Вин
20:35 Топло - ладно – серија
22:15 Бесрамници – серија
23:15 Островот – филм

### СИТЕЛ

вести 16:00 19:00 23:10

06:45 Ја сакам Македонија
10:00 Дива земја – серија
12:10 Практична жена
17:00 Брза кујна
17:50 Се или нешто
19:45 Близнаци – серија
21:00 Сестри – серија
22:00 Истанбулската невеста – серија
23:40 Полицајци почетници – серија

### КАНАЛ 5

вести 15:00 18:00 22:45

06:55 Здраво Македонијо
10:00 Визита
11:10 Ние и вие - премиера
12:00 Македонски приказни
18:40 Само вистина!
19:40 Тажна жена – серија
20:30 Вести - Корона во Македонија
21:30 Забрането јаболко – серија
00:30 Бекстејџ

### 24 ВЕСТИ

вести 14:00 16:00 20:00 22:00

07:00 Очи в очи
10.15 Фактор Здравје
11.00 Во Тек
16.00 Очи в очи
17.45 Отворено Студио
20.40 Столици
21:05 Женски рај – серија
22:45 Трилинг
23:15 24 анализа

### АЛСАТ М

вести 16:00 19:00 22:00

08:00 Нов ден
11:15 Да готвиме со Алсат
13:15 Семејството на татко ми – серија
16:40 Попладне - емисија
17:25 Бескрајна љубов - ТВ новела
17:50 Прости ми – серија
19:45 Држиме за рака - серија
20:45 Патот кон... со Арта Тахири
22:00 Мојата керкичка – серија

# Забава

## ВИЦОВИ



**НОВО**

Двајца пријатели по 15 години се сретнале во кафеана.

- Здраво, пријателе? Како си? Што има ново?

- Од каде да почнам! Скршен сум, најпосле сфатив дека жената ме изневерува!

- Но, пријателе, ти ме слушаш ли што те прашува? Те прашав - што има ново!

**БОЛНИЦА**

Баба се јавува на рецепцијата во болница:

- Добар ден, како е Марија Јанкова?

- Во која соба е пациентката?

- Соба 109!

- Почекајте минута. (По неколку минути) Сестрата вели дека е добро, ќе биде пуштена во петок. Вие сте ѝ ќерка на Марија?

- Не, јас сум Марија Јанкова. Никој ништо не ми зборува со денови!

**ЉУБОВ**

- Миличок, ме сакаш?

- Те сакам.

- Ќе ги оставиш алкохолот и цигарите за мене?

- Да.

- Нема да одиш по други жени?

- Нема.

- Ќе ми ја даваш твојата плата?

- Секако.

- И животот ќе го дадеш за мене?

- Нормално, што ќе ми е таков живот.

**САНДРА**

Полицаец ѝ прави муабет на русокоса:

– Како се викаш?

– Сандра без "в".

– Па во Сандра нема „в"...

– Леле колку си глупав, па и јас истото ти го велам!

**ТЕСТ**

Мајката го прашува својот син:

- Сине, како помина на тестот по математика?

- Добро.

- Што ќе добиеш?

- Најверојатно неоправдан.

**КАПИТУЛАЦИЈА**

Чак Норис е роден на 6 мај 1945 година. Германците се предале на 7 мај 1945 година.

## Деновиве пред години.



**1790.** Во Филаделфија умре Бенџамин Франклин, американски државник, филозоф, физичар, економист и писател. Покрај Џеферсон, автор е на американската „Декларација за независност". Со години тој се занимавал со демократизација на Уставот и укинување на ропството. Како физичар го пронајде громобранот.



**1992.** Во Скопје, претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, ја откри новата натпис-плоча на Домот на Армијата, на која пишува „Република Македонија, Дом на Армијата – Скопје". Со тоа на симболичен начин беше одбележано доаѓањето на првите регрути на Армијата на Република Македонија и нејзиното воено осамостојување.



**2014.** Добитникот на Нобеловата награда за книжевност, колумбискиот писател, новинар, издавач и политички активист Габриел Гарсија Маркес, почина на 88-годишна возраст во Мексико Сити. Маркес е првиот Колумбиец кому му припадна Нобеловата награда за литература во 1982 година и четврти нобеловец од Латинска Америка.

## Занимливости.

### Станодавец ѝ ја простил киријата и ѝ оставил ќеси со храна на тремот

• Трогателниот чин на американски станодавец стана вирален на социјалните мрежи откако ја изненадил потстанарката со порака дека не треба да ја плати киријата овој месец и оставил намирници за нејзиното семејство.

Кристина Мари сподели фотографија од намирниците што станодавецот ги оставил на тремот кога му рекла дека ќе остане без нив. Мари напишала дека нејзиниот станодавец Адам ѝ се јавил и ѝ рекол да не се грижи за киријата и ја прашал дали има храна. Кога му рекла дека има уште три пакети месо, наскоро добила порака да отиде до тремот, а глетката што ја затекнала ја оставила без зборови.

Имено, кога ја отворила влезната врата, таму нашла десетина ќеси полни со храна, во кои беа вклучени и основните производи, какви што се леб, млеко, зеленчук, пелени и уште многу други.



„Моето срце е толку трогнато. Бог да те благослови", напишала на Фејсбук.

Корисниците на социјалните мрежи низ светот, исто така, споделија прикази за нивните станодавци што им донирале пакети, картички за подароци или им ја простиле киријата поради пандемијата на коронавирусот.

На почетокот на април, вирална стана приказната и за станодавецот од Бруклин, кој исто така им ја простил киријата на 200 свои потстанари.

## Хороскоп

**Овен**
21.3 - 20.4.

• Ќе зрачите со оптимизам и постојано ќе гледате на светлата страна на животот. Можни се поводи за славење, но ќе мора да ги поминете во домашна атмосфера. Сепак, одбележете. Ако работите, ќе имате шанса да ги демонстрирате талентите. На љубовно поле сте директни и ќе внесете хармонија.

**Бик**
21.4 - 20.5.

• На професионално поле, главно ќе дејствувате од сенка. Тоа моментално ви одговара. Шансите за истакнување ќе дојдат подоцна. На емотивно поле, добар пријател или пријателка денеска ќе ви предложи нешто интересно што ќе го вклопите во вашата љубовна врска.

**Близнаци**
21.5 - 21.6.

• Вашите зборови денес ќе имаат моќ да нанесат силен удар или да разубават нечиј ден, избирајте ги внимателно. Ако не сте сигурни дали треба нешто да кажете, можеби е подобро да премолчите. Пријателите може да имаат големо влијание на вашето однесување.

**Рак**
22.6 - 22.7.

• На професионално поле, ќе има сè повеќе работа, а можно е да ви дадат и нови задачи или некого ќе заменувате на работното место. На емотивно поле, она што ви недостига во односот со сакаената личност ќе се обидете да го надоместите со добро однесување и љубезност.

**Лав**
23.7 - 23.8.

• Не се срамете да ги кажете вашите идеи, охрабрете се. Вашите пораки ќе бидат добро прифатени. Внимавајте да не злоупотребите консумација на одредени супстанци. Оние кои работат, ќе се извлечат од некој тежок проблем. На љубовно поле влегувате во нова фаза. Време е за промени. Бидете слободни.

**Девица**
24.8 - 23.9.

• На емотивно поле, сметате дека некои потреби на сакаената личност се претерани и дека не може да ги исполните. Тоа уште повеќе ќе ве оддалечи. На професионално поле, можно е денеска да работите повеќе од вообичаеното, зашто има многу работа. Нема да ви биде тешко. Другите ќе се опуштат. Пресметајте си што имате на сметката и кредитната картичка.

**Вага**
24.9 - 23.10.

• Денеска ќе добиете можност за почеток на нова работа. Може да очекувате дека ќе дојдете до некои важни информации. Се плашите од искрен разговор со сакаената личност. Доста работи ве оптоваруваат и загрижуваат. Ако сте сингл, ве очекува ново познанство кое ќе биде значајно за вашиот емотивен живот во иднина.

**Скорпија**
24.10 - 22.11.

• Нема да ви биде лесно да го искажете јасно и гласно она што го мислите и чувствувате. Контролирајте го апетитот. Не се прејадувајте. Ако работите, ќе почувствувате натпревар со оние поамбициозните. Не се плашете, само дајте го најдоброто од себе. На љубовно поле ве очекуваат убави моменти.

**Стрелец**
23.11 - 21.12.

• Љубовта може да ви го разубави денот доколку ѝ дозволите. Денес обврските ќе ве притискаат, но доколку партнерот ве прегрне, не се отргнувајте од неговата прегратка за да измиете уште неколку садови. Препуштете му се на моментот. Да, разумот е важен, но понекогаш треба да го следиме срцето.

**Јарец**
22.12 - 20.1.

• На емотивно поле, како да живеете во некој страв да не останете сами. Не се сомневајте во своите љубовни способности. Личноста што ви се допаѓа е исто така заинтересирана за вас. На професионално поле, оние што сакаат да сменат нешто на работното место, на чекор се до исполнување на тој план.

**Водолија**
21.1 - 18.2.

• Време е да го промените вашето рувo! Разбудете се од зимскиот сон и примете ја пролетта во себе. Заменете ја мрзливоста со енергични активности, заменете ја мрсната храна со порции богати со зеленчук, заменете ја втората шолја кафе со чај. Излезете од изолација со телото што отсекогаш сте го посакувале.

**Риби**
20.2 - 20.3.

• Ќе бидете добро расположение и нема да дозволите никој да ви го земе позитивниот дух. Вашиот труд ќе биде награден, а ќе бидете и самите задоволни од себе. Соработувајте со колегите, дури и ако тоа е виртуелно. На љубовно поле време е да избегате од рутината. Правете нови работи заедно.

## Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
**ОБЈАВУВА**

Барањеза издавање на дозвола за користење на вода за водоснабдување за општина Тетово на КП 1, КО Лисец, КП 1 КО Јеловјане општина Тетово Согласно член 30 став 1 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија бр. 87/08, 09/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), до Министерството за животна средина и просторно планирање доставено е барање за издавање на Дозвола за користење на вода за водоснабдување за општина Тетово на КП 1,КО Лисец, КП 1 КО Јеловјане општина Тетово

**Подносител на барањето:**
Јавно Комунално Претпријатие Тетово

| Зафат | Y | X |
|---|---|---|
| Големи Извори Попова Шапка КП 1, КО Лисец | 7490.560,56 | 4652.020,64 |
| Уливерички Извори Уливерица КП 1, КО Јеловјане | 7489.128,75 | 4650.018,39 |
| Вакуфски Извор Попова Шапка КП 1, КО Јеловјане | 7487.829,46 | 4648.373,23 |

Координати на зафатни места на КП 1, КО Лисец, КП 1 КО Јеловјане општина Тетово се:

Информации во врска со барањето, заинтересираната јавност може да добие во Министерството за животна средина и просторно планирање на e-mails.martulkova@moepp.gov.mk

Засегнатата јавност, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислења и коментари во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје


# Во продажба се нашите ВЕЛИГДЕНСКИ ИЗДАНИЈА!

- Извадок од библијата (новиот завет) од периодот од Подготовка на Тајната Вечера до ИСУС ХРИСТОС ИМ СЕ ЈАВУВА НА СВОИТЕ УЧЕНИЦИ.
- Боенки за деца

**Дел од средствата ќе бидат донирани во ХУМАНИТАРНИ ЦЕЛИ.**




ART PRINT STUDIO
**Арт Принт Студио: тел. 02/3063194**
**www.artprint.mk; artprintstudio@gmail.com**

**Изданијата може да ги најдете во сите продажни места на Слободен печат**





Проф. доктор по психологија и јасновидец, феномен на балканот!

Шеф на катедрата по квантова медицина и психологија - Москва

Член на меѓународна академија за духовен развој и иновациони технологии -Москва

Член на меѓународната професионална асоцијација по психологија и комплементарна медицина - Москва

Член на меѓународната московска академија по национална безбедност

Закажете го вашиот термин од **понеделник до петок** од **09 до 17 часот** на
**075 688 588**

СЕКОЈ ПЕТОК ќе имате можност да добиете одговор на сите прашања на кои немате одговор! Изрежете го талонот, соодветно пополнете ги празните места, испратете го на нашата адреса, а **ПРОФ. ДР. ЗВЕЗДНА ГЕОРГИЕВА** ТОЧНО ЌЕ ВИ ОДГОВОРИ НА ЕДНО ПРАШАЊЕ!

* Поради големиот обем на доставени прашања, доколку не го пронајдете вашиот одговор, истиот ќе биде објавен во некое од следните петочни печатени изданија.

**ТАЛОН**

Овие податоци нема да се објават, освен името со кое сакате да се претставите, вашето прашање и одговорот!

Име со кое сакате да се претставите:

Датум на раѓање (на лицето за кое прашувате):

Име (на лицето за кое прашувате):

Вашето прашање:

Датум на талон: 17.4.2020 за објава во идно петочно издание 24.4.2020)

* овој талон може да го доставите по пошта на нашата адреса (Кеј 13 Ноември, бр. 3/1-238)или по електронски пат, пополнет и сликан или скениран на е-маил адресата marketing@pecat.mk.

Доколку не го сликате датумот на самиот талон, истиот ќе биде неважачки.

**Софија: Веќе една година сум во лоша состојба, не знам каква иднина ме чека.**
Госпоѓо, Вие се наоѓате под голем стрес предизвикан од Вашата тешка здравствена состојба. Поради тоа имате отреба од помош. Ве охрабрувам да ми ја испратите вашата слика по некој Ваш близок човек, за да можам да Ви помогнам.

**Зорана: Каков иднина ќе имаат моите ќерки?**
Госпоѓо, Вашите ќерки имаат добра среќа. Едната ќе живее близу до Вас, но н другата и е предодредено да живее и да работи надвор од Македонија. Тие ќе имаат среќни бракови. Затоа, не грижете се за нивната иднина, бидејќи според нивниот космички код ги очекува среќна иднина.

**П.М.: Загрижен сум за иднината на моите синови.**
Марија, твојот син Јордан има два неуспешни брака. И во двата случаи тој одлучи да биде херој и да им помогне во нивните животи, и во двата случаи тој направи иста грешка. И двете жени зедоа сè што можеа од него и заминаа. Вашиот син сега е со нарушено здравје, скршена душа и му треба стручна помош.

**Сузана СТ: Имам проблем со домувањето.**
Сузана, Вие до сега можевте да си го решите проблемот со домувањето,затоа што според Вашата карма Ви е предодредено да имате дом надвор од Македонија. Според Вашиот код на судбина, Вам Ви е предодредено да работите и да си живеете убав живот надвор од Македонија. Оваа година по Вашиот роденден, влегувате во кармичка година и ќе можете да ги решите сите овие проблеми.

**В.Е.: Имам финансиски проблеми?**
Владимир, Вие се однесувавте многу неразумно со парите што ги имавте во раце. Во животот работите стоја така, секогаш кога не знаете да управувате со своите пари, по некое време имате финансиски проблеми. Сега е време да вложите повеќе напор и мудрост за да ги повратете парите што сте ги имале. Баз гајле Вие ќе успеете затоа што, според вашиот вселенски код, вие сте предодредени да имате приватен бизнис и да имате добар капитал.

*Искрено,*
*Проф. др. Звездна Георгиева*

Проф. др. Звездна Георгиева завршила психоанализа на Меѓународниот славјански институт во Москва. Магистер е по социјална и трудова психологија, Меѓународно трудово право, сметководство и контрола. Подоцна се запишала на клиничка психологија во Русија, а сега е магистер на Универзитетот по парапсихилогија во Калифорнија. Автор е на многубројни публикации и веќе 25 години организира предавања за излекување на духот. Вели дека нејзините услуги ги користеле многу бугарски политичари и влијателни луѓе од американската политичка сцена. На нејзиниот список со клиенти има и актери, пејачи и спортисти. Во родната Бугарија го предвидела враќањето на царот Симеон Саксобурготски уште во 1995 година по 50 години бегтство, падот на Бојко Борисов и востанувањето на новата влада на Орешарски. Со прецизност го предвиде и крајот на Елцин и почетокот на ерата на на владеењето на Путин. Работела и како советник на Владата на Станишев, односно во кабинетот на министерот за труд и социјална политика.

СП.
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
# Мозаик

**Петок-понеделник 17-20 април 2020** | Број 1937 | Година VII |

**Мештаните бесни поради пејачката.**

## Рита Ора побегна на село од коронавирусот

• Рита Ора го напушти Лондон и побегна на село откако е воведен карантин, а нејзините нови соседи воопшто не се среќни поради тоа. Пејачката во моментот е во Котсволдс во југозападниот дел на земјата со уште пет други лица, а резервирала сместување во куќата пред пандемијата. Таа, наводно, е со група луѓе со кои работи на својот нов албум.

Мештаните се бесни откако Рита и нејзината екипа ги избркале од јавните површини, а над главите им летале дронови. Една жена раскажала дека телохранителите на Рита го расплакале нејзиниот син, ги бркале од јавните површини, а додека заминувале, ги следел дрон.

Рита не се нервира за нивниот гнев и наместо тоа позираше на ливада во проѕирна маица без градник.

- Таа е смртно сериозна во врска со карантинот и дава сè од себе за да се изолира - рекле пријателите на Рита, кои негираа дека сега ќе организира забави.



**Бали.**

## Богаташи и манекенки направиле корона-журка

• Снимките од разузданите журки на Бали во екот на глобалната пандемија на коронавирусот разбеснија огромно мнозинство на социјалните мрежи, а станува збор за приватна забава, чиј домаќин е богатиот Египќанец Махмуд Атија и неговата млада екипа по повод неговиот 21. роденден.



Меѓу гостите на „корона-забавата“ биле неколку познати инфлуенсери и две руски манекенки, Ксенија Алдошенко и Ксенија Дорохова, а излишно е да се зборува за придржување на правилата за дистанца во времето на вирусот. Повеќето од оние што биле на забавата, се разбира, наскоро објавија снимки и фотографии на Инстаграм.

„Ние сме во Бали и не се криеме“, напишала една од манекенките, а објавените снимки покажуваат дека сигурно имало повеќе од 40 луѓе на забавата, дицеј, многу алкохол и сето она што оди со овој вид дружење.

Индонезија официјално не





забрани јавни собири, но на жителите им се советува да останат дома и да избегнуваат поголеми собири. Тие се огорчени од она што го гледаат, повикуваат на депортација на младите богаташи, а тие на крајот се посипале со пепел. Повеќето од нив веднаш ги отстраниле снимките.

„Жал ми е за неволјата што ја предизвикав. Се јавив на неколку луѓе, но се појавија многу повеќе, па моравме да го повикаме обезбедувањето, да го откажеме дицејот, а потоа и сите други заминаа. Ние ги почитуваме препораките на властите и нивните напори да го запреме ширењето на овој вирус“, напишал славеникот, но тешко дека успеал некој да смири со тоа.

**Бебето доби многу интересно име.**



## Слаткар и Сања станаа родители

• Познатиот рапер Марко Маринковиќ – Слаткар и поранешната манекенка Сања Николиќ станаа родители.

Среќната вест за приновата ја објави Слаткар на социјалните мрежи, споделувајќи фотографија на која позира со сопругата.

„Се роди Моша Маринковиќ, голем да му расте“, напишал Слаткар на социјалните мрежи.

Инаку, Марко и Сања се веќе неколку години во брак, а ова е нивно прво дете.

**Подари коронавирусот.**

## Му здосадило да седи дома со жена си, па се преселил во шатор во дворот



• Поради пандемијата предизвикана од коронавирусот, буквално се парализираше целиот свет. Можноста да се оди на работа, во парк, на кино или едноставно да се седне во кафуле е забранета или сведена на минимум како и можноста за прошетка поради воведувањето полициски час.

Луѓето навикнати да шетаат, ретко кога деновите ги поминуваат заедно со семејството. Наместо тоа, се собираат сите дома на ручек или на вечера или само за викенд. Состојбата на воведен карантин, за мнозумина е навистина стресна, а многу брачни парови дури и по неколку децении брак и заеднички живот, во време на изолација сфатиле дека не можат долго да останат заедно во иста просторија.

Таков е и случајот со маж што живее во село близу Осиек во Хрватска, кој и покрај тоа што со својата сопруга бил во брак 30 години, сфатил дека не можат да останат затворени долго време заедно. За да си го реши проблемот, подигнал шатор во дворот и таму престојува веќе некое време.

- Живее неколку денови во шатор. Бев да го посетам и вели дека се во одлични односи со сопругата, но му треба малку мир, бидејќи како што кажаа, многу е да седите заедно 24 часа - изјавил еден од соседите за локалните медиуми.

**Трипати ја менувала изјавата во полиција.**

# Северина казнета парично, бидејќи го прекршила полицискиот час

**Со свој став околу целата ситуација, излегоа и од ПР-службата на пејачката.**



Познатата хрватска пејачка Северина Којиќ била уапсена во Белград, бидејќи возела низ тамошните улици за време на полициски час, прогласен поради пандемијата предизвикана од коронавирусот, а притоа немала дозвола да го прави тоа, пишуваат српските медиуми.

Северина, додека не се придржувала кон полицискиот час, била застаната од српската полиција на улицата „Партизанска авијација“ во Нов Белград.

Таа управувала возило „БМВ“ со загрепски регистерски таблички, а откако полицијата утврдила дека Северина нема дозвола за движење за време на полицискиот час, била уапсена и однесена кај судија за прекршоци.

### Изречена минимална казна

Според написите на српските медиуми, за прекршокот што го направила Северина, заработила парична казна од 50.000 динари, што од друга страна пак е минималната казна што можела да ја добие, бидејќи во Србија за сите што се затекнати од полицијата дека го прекршуваат полицискиот час, предвидена е парична глоба во висина од 50.000 па сè до 150.000 динари.

Откако ѝ била одредена казната, пејачката инсистирала веднаш да ја плати, бидејќи, според написите на медиумите, изјавила дека е свесна за грешката што ја направила.

### Менување изјави

Според неофицијални информации, иако Северина ја признала грешката и рекла дека е сосема свесна за тоа што го направила, сепак таа додека траело испрашувањето околу тоа која била причината што се возела низ белградските улици во период кога за тоа постои строга забрана, неколкупати ја менувала изјавата. Првиот пат рекла дека морала да вози бидејќи имала потреба да посети лекар, за по неколку минути да даде изјава дека не возела никаде туку дека само сакала да го препаркира возилото, а потоа дека излегла бидејќи се раправала со својот сопруг Игор Коиќ.

### Објаснување од ПР-службата

Северина прекршокот и јавно го признала, а нејзиното објаснување и гледање на целата ситуација било пренесено преку нејзиниот ПР.



„Северина се пакувала бидејќи веќе следниот ден требаше да оди во Загреб и излегла со колата надвор од куќата, притоа не размислувајќи дека е полициски час. Таа го призна прекршокот и ќе ја плати казната. По еден месец непланиран престој во Белград во исчекување да се сретне со синот, не е ни чудно што не ни помислила на строгите правила на воведениот полициски час во Србија, кој пак не е практика во овој период во Хрватска“ – стои меѓу другото во соопштението.